МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА И АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

СТУДЕНТ: **ЉУПЧО КЛИНКАРОВ**
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР: **ПРОФ.Д-Р МАРЈАН КИЦЕВ**

Свети Николе, 2021

Комисија за оценка и одбрана

Ментор: проф.д-р Марјан Кицев

Член:

Член:

Содржина

1.Апстракт.....5

2. Вовед.....7

3. Дефинирање на поим за малолетничка деликвенција.....8

4. Причини за појава на малолетничка деликвенција.....11

4.1.Општествено-економски причини.....11

4.2.Семејни причини.....12

4.3.Индивидуални карактеристики на личноста на малолетникот....12

4.4.Средината.....12

5. Дигитално малолетничко насилство.....13

6. Карактеристики на дигитално насилство.....15

6.1.Карактеристики на ученик-сторител на дигитално насилство.....15

7. Манифестација и форми на малолетничката деликвенција.....17

8. Облици на малолетничка деликвенција.....18

8.1. Криминалитет.....18

8.2. Прекршочно однесување.....19

8.3. Агресивност.....20

8.4. Асоцијално однесување.....20

9.Малолетничката деликвенција во Република Северна Македонија.....22

10. Детско престапништво и состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година.....27

11.Препораки од Државниот совет за превенција на детско престапништво.....30

12.Детско престапништво и состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година.....32

9. Анализа на законската регулатива за современ малолетнички правен систем..34

10. Документи од Обединети нации.....42

10.1. Декларација за правата на детето (Женевска декларација).....42

10.2. Декларација за правата на детето.....42

11. Декларација на социјалните и правни принципи 44

12.Мерки на помош и заштита.....47

13.Воспитни мерки.....47

14.Казни - санкции.....47

15.Алтернативни мерки.....48

16.Мерки на безбедност.....48

17.Судска постапка.....51

18.Положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.....60

19.Превенција на малолетничка деликвенција.....63

20.Истражување.....65

20.1. Методологија на истражување.....65

20.2. Предмет на истражување.....65

20.3. Задачи на истражувањето.....67

20.4. Методи, техники и инструменти.....67

20.5. Користена литература.....68

21. Анализа на резултатите од истражувањето.....69

21.1. Анализа на интервју.....69

23.Анализа на резултатите од анкетата наменета за вработените во Центарот за социјална работа.....71

24.Анализа на резултатите од анкетниот прашалник за малолетници.....80

25. Заклучок.....90

16. Користена литература.....93

Апстракт

Малолетничката деликвенција е посебен феномен и еден од клучните проблеми на современото општество, кој се јавува како посебна проблематика што покажува растечки тренд во изминативе неколку години. Предмет на истражување на овој магистерски труд се проблемите на малолетничката деликвенција, теоретски објаснувања за однесувањето на младите лица, како и различните појави на малолетничката деликвенција и механизмите што водат до кривично гонење и санкции. Анализата на оваа проблематика дава јасна слика на актуелната состојба, со посебен осврт на малолетничкото насилство, причините од каде потекнува насилството, а се разработува и законодавството за малолетничка дискриминација. Во склоп на овие принципи, посебно внимание се посветува на концептот на малолетничка правда во Република Северна Македонија, притоа анализирајќи го Законот за малолетничката правда.

Согласно Конвенцијата, грижата за децата е должност на секој поединец, на семејството, институциите и на општеството во целина.

Овој магистерски труд се осврнува на малолетничката правда, новите трендови кои се поврзани со спроведувањето на малолетничката правда, а сето ова води кон воспоставување на европски малолетнички правен систем.

Малолетничката деликвенција, којашто е општествено негативна појава, претставува повреда на кривично-правните норми од страна на малолетниците и децата.

Клучни зборови: малолетник, закон, институција, ризик, деликвент

Abstract

Juvenile delinquency is a special phenomenon and one of the key problems of modern society which appears as a special issue that shows a growing trend in the past few years. The subject of research of this master's thesis are the problems of juvenile delinquency, theoretical explanations for the behavior of young people as well as the various phenomena of juvenile delinquency and the mechanisms that lead to criminal prosecution and sanctions. The analysis of this issue gives a clear picture of the current situation with special reference to juvenile violence, the reasons for the origin of violence, and the legislation on juvenile discrimination is discussed. As part of these principles, special attention is paid to the concept of juvenile justice in the Republic of North Macedonia, while analyzing the Law on Juvenile Justice.

This master's thesis addresses juvenile justice, the new trends related to the implementation of juvenile justice, and all this leads to the establishment of a European juvenile legal system.

Juvenile delinquency, which is a socially negative phenomenon, is a violation of criminal law norms by juveniles and children.

Keywords: juvenile, law, institution, risk, delinquent

Вовед

Секое општество кое е насочено кон иднината и перспективата и кое сака да ја сочува културата и националната традиција, како и создадените вредности, се темели врз продолжување на егзистенцијата на младата генерација. Кога станува збор за малолетничката деликвенција, првата асоцијација се општествено несаканите однесувања на младите, кои се манифестираат во вид на прекршување на општествените норми што се санкционираат со Законот за прекршоци или со Кривичниот закон.

Деликвентното однесување, како екстремен облик на асоцијално однесување, има специфични карактеристики, наспроти просечното и нарушеното однесување, но сепак и двата вида се меѓусебно поврзани.

Неопходна е потребата општеството да се фокусира на овој сериозен проблем преку преземање на поефикасно превентивно делување и предупредување, а исто така и навремено давање заштита и помош на младите, особено на деликвентите.

Со оглед на проблемите кои сè почесто ги создаваат малолетните деликвенти, целта на овој магистерски труд се повеќе теми поврзани со оваа категорија на лица. Во првиот дел од магистерскиот труд се става акцент на причините поради кои малолетниците се одлучуваат на криминал, начинот на кој ги вршат криминалните дела, најзастапените кривични дела, процентуалната застапеност на криминалот кај малолетниците, а во вториот дел од магистерскиот труд се разработуваат мерките кои би требало да се преземат, согласно законската регулатива, со цел да се искорени оваа негативна појава.

Методи и техники кои се користени во изработката на овој магистерски труд се: метод на набљудување, анализа на приручници за спречување на малолетничка деликвенција, анализа на статистички податоци за порастот на

криминалитетот кај малолетниците, статистички метод, интервју со инспектор за малолетничка деликвенција.

Дефинирање на поим за малолетничка деликвенција

Малолетничката деликвенција или малолетничкиот криминалитет е таков вид човечко однесување кое во значајна мера отстапува, односно ги крши општествените норми на една заедница и предизвикува реакција на несогласување со тој вид на однесување. Всушност, станува збор за понов вид на деликвенција, а најчесто претставува последица на современиот живот и современото семејство. Во континенталното казнено право, процесот на диференцијација на малолетните деликвенти од казнено-правниот систем на возрасните во XX век е финализиран со воведување на посебен систем на воспитни мерки, инспириран од идејата за воспитување, превоспитување и поправање[1].

Малолетничката деликвенција, како специфична, сложена и комплексна социолошко-патолошка појава, била застапена уште од првите денови на создавањето и функционирањето на општествата, засновани на обичајни, социјални и правни норми[2].

Како екстремен облик на асоцијално однесување со специфични карактеристики е деликвентното однесување кое врз основа на возраста на детето и низа други фактори е карактеристично за малолетниците. Криминалното и насилничко однесување на младите ја загрозува безбедноста на општеството, па затоа секој општествено-политички систем претендира да воспостави механизми за ефикасна и функционална заштита.

Честопати малолетничката деликвенција се третира како социјална болест бидејќи за деликвенти се сметаат лица кои не живеат во согласност со

[1] Камбовски, В. Казнено право-општ дел, второ издание, Скопе,2005 стр. 1025
[2] Младен Сингер, Љиљана Микшај, Деликвенција младих,1994

позитивните и моралните норми и кои поради тоа постојано се во конфликт со законот. Некои теории малолетникот го третираат на тој начин што сметаат дека „се вовлекува во деликвенција“ поради неконтролирано однесување, пред сѐ од страна на семејството, а потоа и од однесувањето на своите соученици, другари во училиштето, соседството, социјалното опкружување и слично.

Под поимот малолетнички криминалитет се подразбира она престапничко поведение на поединец, или група на млади, кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо однесување, со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е општествено видливо, предизвикуваат спонтано и организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение[3].

За време на адолесценцијата кај младите се интензивира потребата да припаѓаат кон определена заедница, а нивното учество да биде соодветно валоризирано. Во случај кога адолесцентите ќе почувствуваат дека не се прифатени или не припаѓаат во социјалните средини, како што се училиштето, соседството, друштвото и слично, постои веројатност да преминат кон криминално однесување, односно да бидат дел од една сосема поинаква група, која има сосема поинакви цели и вредности од оние кои се прифатени од општеството. Малолетничката деликвенција е резултат на неодговорност од страна на малолетникот, од една страна, и резултат на заедницата која има одговорност да создава здрави и неделиквентни поколенија. Малолетничката деликвенција уште одамна е од особен општествен интерес. Таа во многу аспекти се става на исто ниво со криминалот во нејзината општа смисла, а криминалот е социјална појава што преовладува кај машките лица[4].

Малолетничката деликвенција во различни земји се поврзува со различни фактори, па затоа и не може да се даде општоприфатена дефиниција за истата.

[3] Јашовиќ, Ж, Криминологија малолетничке деликвенције, Белград, 1983.
[4] Валтер М., Малолетничка деликвенција- систематски преглед-Скопје,2011г.

Дефинирањето на малолетничката деликвенција се заснова на причините кои се резултат од одредено општество. Посебните карактеристики кои ја разликуваат малолетничката деликвенција од криминалните однесувања на полнолетните лица се: недоволно развиената психичка структура на малолетникот, незрелоста и возраста како главни детерминанти за различно третирање на овој феномен[5].

Малолетничката деликвенција е област во која се јавуваат проблеми кои останале енигма, а голем дел останале нерешени, спорни и предизвикуваат особен интерес за истражување. Престапничкото, деликвентното, девијантното и криминалното поведение на младите се доказ за несоодветната социјализација на младите луѓе, за развојот и формирањето на личностите, воспитувањето, образовнието и непочитување на системот на вредности, кој е цивилизациско достигнување и е општоприфатен и почитуван.

Основна категорија врз која ја одредуваме малолетничката деликвенција е малолетноста, односно возраста на малолетните лица, што ја определува како нивната личност, така и нивното однесување во правец на прекршување на правните и моралните норми, што во крајна линија го одредува и ставот на општеството кон нив[6]

Различни автори различно го дефинираат поимот малолетничка деликвенција, а терминот подразбира иста содржина. Па така, според Брегнат (1968), проблеми се јавуваат и при користењето на самите термини со кои се означува малолетничкото престапништво бидејќи се користат неиздиференцирани критериуми во означувањето на оваа категорија на деца.

Термин кој често се користи во нашата терминологија е воспитна запуштеност. Во потесна смисла, под воспитна запуштеност се подразбираат само

[5] Ибиш Е., Криминолошки и казнено правни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија - докторски труд, Скопје, 2002г.

[6] Стеван Алексоски, Криминална психологија (психосоцијалните фактори на престапништвото на младите), Штип, 1997.

оние облици на девијантно или неприфатливо однесување на младите, со кои се кршат оние општествени норми кои не се инкриминирани со казненото законодавство, што значи не се деликвенти, но сепак поголемиот број од нив претставуваат претходен степен или предзнак на деликвентно однесување. Во поширока смисла на зборот, со овој термин се опфаќа целокупната непрегледна и релативна скала на општествено однесување кај младите[7].

Значи, под поимот превенција се подразбира употреба на сите мерки и средства за мобилизација на поединците, општествените групи, организации и институции, насочени кон спречување на оние појави кои не се во согласност со кривичното законодавство, а кои по својата суштина нанесуваат штета на поединците, општествените групи или на општеството во целина[8].

Според Скаберe, Брегант и други автори, терминитe воспитна запуштеност, воспитна занемареност и воспитна загрозеност не можат да се употребуваат како ознака за кој било облик или вид на однесување, бидејќи споменатите термини означуваат само состојби кои можат да придонесат за појава на некои несакани, непрофатливи и противправни форми на однесување. Воспитно запуштеното дете кое е лишено од нормалните услови на воспитание, може но не мора да манифестира деликвентно однесување. Нормалните услови за воспитание и грижа се само еден од многубројните услови за правилен развој на детето.

Според Бечин (1968), воспитно заштитените деца и млади се лишени од организирано и свесно позитивно влијание на општествените фактори, кои се пресудни за нивниот нормален развој.

[7] Киткањ З,. Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит - докторска десертација, Скопје, 2009

[8] Предавања на д-р Весна Стефановска - скрипти.

Причини за појава на малолетничка деликвенција

За појавата на девијантното однесување - кршење на општоприфатените морални и правни норми кај децата, многу е деликатно да се зборува. Најпрво треба да се запрашаме за причините, а не за последиците на овој значаен општествен проблем поради кој кај децата доаѓа до пореметување на општественото однесување и зошто всушност тие имаат желба и потреба да ги прекршат општествено прифатените норми на однесување.

Малолетничката деликвенција е динамична и сложена појава која манифестира вонредни способности за прилагодување кон животните услови. За да се навлезе во суштината на оваа појава и да се преземат соодветни мерки, потребно е да се проучат причините кои доведуваат до асоцијално однесување на младите.

Различното јавување во разни социо- културни средини и самата сложеност на појавата се областите каде што треба да се бараат причините за асоцијалното однесување.

Причините за појавата на малолетничка деликвенција, најчесто се делат на следниве групи:

- општествено-економски причини;
- семејни причини;
- индивидуални карактеристики на личноста на малолетникот;
- средината.[9]

Во криминалната литература меѓу посебните фактори на влијание на малолетничката деликвенција се вбројуваат: влијанието на семејството,

[9] Штерјов Л. Влијанието на воспитната мерка-засилен надзор од страна на центарот за социјална работа,врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда-магистерски труд, 2013г.

училиштето, слободното време, средствата на масовна комуникација и личноста на малолетникот[10].

Општествено-економски причини

Општествено-економската криза во државата придонесува за осиромашување на општеството, а тоа пак придонесува до висок степен на невработеност на граѓаните и им оневозможува да ги задоволат своите основни потреби. Исто така, воените, вонредните состојби, миграциите, лавиринтите во правниот систем, како и здравствената пандемија која е актуелна денес, се причини кои доведуваат до зголемување на психопатолошките појави, асоцијалното и криминогеното однесување на младите.

Семејни причини

Семејството може да биде една од причините за негативниот развој на младата личност доколку има изместени семејни односи, присуство на конфликти и насилство во бракот, развод, смрт на член од семејството, има алкохоличар, секаков вид на насилство или занемарување на децата поради обврски на работа, бизнис и слично. Во литературата често се истакнува дека младите се одликуваат со различни биопсихолошки промени, чија динамичност дава значајни можности за воспитување и социјализација. Младата личност во фазата кога е сѐ уште недоволно изградена, станува чувствителна и разните влијанија можат да го насочат нејзиниот развој и однесување кон асоцијално и антисоцијално однесување[11].

[10] Подетално за влијанието на овие фактори види: Ж. Јашовиќ, Криминологија малолетничке деликвенције, Београд, 1991 стр. 232-273.

[11] Лукетиќ, Д. Влијанието на семејството врз појавата на малолетничката деликвенција, Белград, Научна книга, стр.87.

Индивидуални карактеристики на личноста на малолетникот

Следните специфични карактеристики на личноста на малолетникот влијаат на неговото однесување и предизвикуваат појава на деликвеницијa: несигурност, недоверливост, стресови и фобии, агресивни манифестации, желба за доминација, ограничени интереси, отсуство на вина и срам, преживеани стресови и слично.

Средината

Средината како фактор опфаќа влијанија на малолетникот, како што се: лошото друштво, улицата, неорганизирано користање на слободното време, т.е. нивно подолго и почесто престојување во просториите за забава и угостителските објекти, каде се изложени на голем број негативни влијанија кои придонесуваат за нивно девијантно однесување. Недоволната ангажираност на училиштата и другите воспитно-образовни институции има свој придонес во зголемувањето на асоцијалното однесување на младите.

Неуспехот во училиште е прв чекор за натамошни неуспеси и пат кон деликвенција, бидејќи кај младите лица се појавува желба за бегство од наставата, што претставува воспитна запуштеност.

Дигитално малолетничко насилство

Во современото општество, во кое доминира интернет-технологијата, младите ги демне нов феномен на насилство преку информатичко-комуникациската технологија или дигитално насилство. Анализите покажуваат дека состојбите на насилство преку интернет се зголемени за 70% во периодот помеѓу март и април 2020 година во услови на здравствена пандемија Ковид-19 [12].

[12] Гордана Лажетиќ, Невенка Петровска, Лазар Нанев, Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, 2020г.

Овие податоци укажуваат на тоа дека времето поминато на интернет и можностите за различни облици на дигитално насилство се правопропорционални, а тоа значи дека колку повеќе време се поминува на интернет, толку поголеми се можностите за вознемирување, насилство и злоупотреба.

Во услови на пандемија се генерираат ризици за појава на дигитално насилство. Со затворањето на училиштата и воведување на строги мерки за ограничување на движењето поради пандемијата Ковид-19, повеќе од 1,5 милијарди деца и млади се потпираат на дигиталните форми на комуникација, што подразбира учење и забавување. Заради ваквите состојби, ризиците се зголемуваат бидејќи децата немаат потребни знаења, вештини и ресурси за тоа како да се заштитат на интернет, изложени се на различни опасности да станат жртви на предаторите, особено поради зголеменото и неструктурирано време поминато на интернет[13].

Статистиката покажува дека за време на пандемијата 81.8 % од домаќинствата имале пристап до интернет од дома, а 72,9 % од населението го користело интернетот секој ден. 81,4% од лицата на возраст од 15 до 74 години користеле интернет. 9 % од децата дневно поминуваат повеќе од девет часа на интернет, 41,2 % од два до пет часа, а 36,1 % од децата поминуваат до 2 часа на интернет. Само 8 % од домаќинствата имаат инсталирано софтвер за родителска контрола. 6 % од лицата осудени за педофилија коишто се објавени во Регистерот се обвинети за следниве кривични дела: прикажување на порнографски материјал на дете и производство и дистрибуција на детска порнографија (чл.193 и 193-а Кривичниот Закон на РСМ)[14].

Дигиталното опкружување несомнено ги изложува децата на штетни содржини, чии ефекти се манифестираат преку проблеми со приватноста и

[13] https://www.unicef.org/press-releases/children-increased-risk-harm-online-during-global-covid-19-pandemic

[14] Лажетиќ,. Петровкса,. Нанев,. Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, стр. 12.

заштитата на податоците и други ризици, вклучително и сексуална злоупотреба. Од особена важност е родителите и наставниците да бидат во тек со технолошкиот развој, во спротивно генерацискиот јаз станува сѐ поочигледен и поштетен за децата. Ваквата состојба оневозможува идентификување, препознавање на ризиците и преземање мерки за превенција, спречување или одговорност.

Дигиталното насилство е релативно нов феномен, којшто во последните две децении ја окупира јавноста, како научната, така и стручната. Една од големиот број дефиниции за дигитално насилство е дека (cyber-buiiying) тоа е користење на дигитална технологија (интернет и мобилни технологии) со цел да се вознемири друго лице, да се повреди, понижи и да му се нанесе штета.

Од клучна важнот е да се направи повеќе за да се идентификуваат и запрат штетните активности врз децата на интернет, вклучително и остварување контакт и стекување доверба кај детето, со цел да се спречи сексуалното искористување и создавањето на слики и видеа за сексуална злоупотреба на децата[15].

Истражувањата покажуваат дека половина од децата кои се корисници на интернет се на возраст помеѓу 11 и 16 години и се среќаваат со најчестите ризици на интернет, како што се: сајбер-насилство, сајбер-предатори, измами, психичко малтретирање, измама со цел добивање на лични податоци, броеви на кредитни картички и слично. Голем дел од децата кои се жртви на сајбер-насилство не знаат како да се справат со опасностите од интернет.

Пенолошката анализа на криминални повратништва говори за два можни вида на предизвикувачки фактори, неадекватна општествена реакција - непримерен избор на кривична санкција или неадекватнен третман, и неуспешен процес на ресоцијализаија, т.е. неадекватен третман во казнената воспитно-поправна установа во која се издржува кривичната санкција[16].

[15] Ibid,. стр.23.
[16]МилоБошкович, Криминологија, Универзитет Нови СА, Правен факултет, 2006, стр.512.

Карактеристики на дигиталното насилство

Дигиталното насилство се одликува со следниве карактеристики:

- Висок степен на анонимност на насилното лице или група на лица коишто користат лажни имиња, прекари, телефонски броеви или профили на социјалните мрежи;
- Анонимноста го охрабрува насилникот да се однесува на начин на којшто не би се однесувал при директен контакт и придонесување за ефект на онлајн дисинхибиција како недостаток на воздржување и самоконтрола во однесувањето коешто не би се случило во реално опкружување, но и намален страв од казнување и откривање;
- Постојана достапност на жртвата и изложеност на насилство во кое било време, дури и тогаш кога не се користи интернетот или кога личноста ќе го деактивира својот профил на социјалната мрежа, но и кога некој друг ќе направи профил на негово име и без негово знаење;
- Жртвата не е сигурна ниту во својот дом;
- Насилството трае, се засилува и надополнува;
- Во дигиталното насилство можат да бидат вклучени поголем број сведоци, во споредба со класичното врсничко насилство коешто се случува во училишните дворови;
- Информациите се шират могу брзо и неконтролирано се зголемува бројот на лица кои следат и коментираат;
- Доаѓа до полесен пренос на пораката којашто ја испраќа личноста бидејќи недостига повратна информација од другата страна којашто ја прима пораката, како што е случајот со говорот на телото, разните изрази на лицето и гестовите, а можеби и директен напад што тука е неостварлив[17].

[17] Ibid,. str.48.

Интернетот го промени детството на милиони деца. Денешните деца ги користат интернетот и дигиталните уреди од најмала возраст. Интернетот го исполнува поголемиот дел од времето на децата, нивните активности, комуникацијата, играта, дружењето, учењето и стекнувањето на нови искуства.

При употребата на социјалните мрежи децата имаат можност да креираат свој профил, каде ги претставуваат своите ставови, стапувајќи во контакт со врсници од цел свет и се корисници на жива интеракциска мрежа. Градењето на виртуелниот идентитет на децата е важен дел од развојот на децата и носи ризици и можности за појава на насилство во тој виртуелен простор.

Дигиталната писменост значи развивање на информатички и технички знаења и вештини, вклучување на критичко користење на информациите, нивно безбедносно користење и решавање на проблемите во дигиталното опкружување.

Карактеристики на ученик-сторител на дигитално насилство

Учениците кои се учесници во дигитално насилство, односно кога тие го предизвикале насилството, ги поседуваат следниве особини:

- Деца коишто се агресивни со родителите, другарчињата и наставниците;
- Деца кои сакат да бидат доминантни во средината и да ја покажуваат својата владеачка моќ;
- Супериорни;
- Не прифаќаат критики и неуспеси;
- Немаат развиено емпатија и не разбираат како се чувствуваат децата-жртви;
- Не ги разбираат каузалните односи;
- Настојуваат да ги задоволат единствено сопствените потреби;
- Ниско ниво на самопочит;
- Имаат проблеми во семејството;
- Понекогаш се жртви на некој вид насилство.

Односите во семејството, воспитниот стил на родителот и позицијата на детето, се клучни фактори за правилен раст и развој на децата.

Децата кои се сторители на дигитално насилство се деца во ризик и деца во судир со законот, а нивниот третман се третира согласно Законот за правда за деца, притоа вклучувајќи ги и другите надлежни институции коишто се дел од системот за правда на децата. Без разлика дали за детето кое е сторител на дигитално насилство се водат судски или вонсудски постапки, се спроведуваат мерки за помош и заштита или санкции, училиштето е важен и неопходен поддржувач на детето во процесот на неговото коригирање[18].

Манифестација и форми на малолетничката деликвенција

Малолетничката деликвенција не може да се претстави одделно од формите на контрола и механизмите на кривичното гонење. Затоа законските предуслови за престап и кривично дело, со кои се утврдуваат границите на казнивото, се одредени со аспектите на контролата. На тој начин, за да се олесни кривичното гонење или побрзо да се интервенира, периодот на завршување на некои деликти се забрзува или се потенцира некоја полесна апстрактна опасност, отколку некоја конкретна опасност. Малолетничката деликвенција во различни контексти се манифестира на различни начини. Постои малолетничка деликвенција од аспект на жртвите и има малолетничка деликвенција од аспект на сторителот. Кај првите во центарот се наоѓаат преживеаните загуби, додека пак, кај сторителот конкретното сторено дело се елиминира од перцепцијата. Малолетничката деликвенција, натаму, се јавува во подготвувањето различни контролни механизми и во онаа форма што ја даваат медиумите. Медиумите во голема мера влијаат врз сликата за појавата бидејќи директната перцепција на луѓето може да се случи навремено, случајно и нецелосно, според тоа „пренесеното“ искуство,

[18] Ibid,. str.73.

како и преземањето на доставените понуди за согледување, а од друга страна на криминолошката експертиза - треба да го формира најчестиот случај.

Бидејќи не се открива различната манифестација на малолетничката деликвенција, туку постојано е под изговор дека ја претставува реалноста, логично е и потребно меѓу нив да се воспостават папочни врски и да се извршат соодветните релативизации[19].

Облици на малолетничка деликвенција

Криминалитет

Најтешкиот облик на малолетничка деликвенција е криминалитетот, со кој се кршат кривично-правните норми. Криминалитетот е општествено опасно однесување кое е противправно и со закон забрането и казниво.[20]

Според Ковачевиќ, при проучување на кривичните дела со елементи на насилство, потребно е да се анализира личноста која го врши делото, жртвата која со своето однесување придонела за актот на насилство, како и социјалната ситуација во која делото е сторено[21].

Со малолетничкиот криминалитет се опфаќаат поведенија што значат повреда на кривично-правните норми и притоа поимот криминалитет се идентификува со поимот криминалитет кај возрасни лица, а придавката малолетнички упатува на посебноста на сторителите во однос на кривично-правната положба, кривичната одговорност и системот на санкции што се применуваат врз тој тип на сторители, условени од возраста на сторителите. Под обем на малолетнички квалитет се подразбира вкупниот број на извршени кривични дела на одредено подрачје, во определено време од страна на малолетни лица. Вообичаено обемот на криминалитетот се утврдува за цела држава и во

[19] Валтер,. Малолетничка деликвенција. Арс Ламина, Скопје, 2011 стр.214.
[20] (Ivan Janković, Vesna Pešić, 1988).
[21] Ковачевиќ В,. Дефектологија вол. 1979,. стр.47.

период од една година. Обемот на криминалитот може да се следи и да се прикажува преку два аспекта: сторителот и делото. Криминалитетот на малолетните лица, изразен преку конкретни кривични дела, се манифестира низ помалку од десет дела. Најчести кривични дела што ги вршат малолетниците се: телесна повреда, тешка телесна повреда, учество во тепачка, кражба и тешка кражба, разбојништво, одземање моторно возило и загрозување на безбедноста во сообраќајот.

Обемот на криминалитетот го покажува вкупниот број на извршени кривични дела или вкупниот број на сторители на кривични дела на определено подрачје и во определен временски период. Возраста на малолетникот е значаен криминолошки податок кој кажува за идното (криминално) поведение на малолетниците, и согласно тоа, да се преземат одредени превентивни мерки спрема нив. Во однос на конкретните кривични дела низ кои се манифестира криминалното поведение на малолетниците, може да се констатира разлика со криминалното поведение на полнолетните лица, кои вршат повеќе различни кривични дела[22].

Прекршочно однесување

Прекршочното однесување е облик на престапништво со кое се кршат одредени правни прописи кои се инкриминирани од страна на надлежните институции. Значи, прекршоците се противправни дејствија, чии обележја се определени со закон. Поведението, предвиденоста во законот, противправноста, вината и казнивоста се елементи на прекршокот. Според формалната структура, прекршокот не се разликува од кривичното дело.

Агресивност

Агресивноста претставува најсериозен облик на асоцијално однесување и се јавува како резултат на повеќе фактори и тоа: ограничување на слободата,

[22] Чачева,. В, Феноменолошки карактеристики на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија-Институт за социолошки и политичко правни истражување, Скопје стр.3-8.

загрозување на нивниот живот, спречување или оневозможување во задоволувањето на егзистенцијалните потреби и слично.

Според Жужул, агресивноста претставува „чин на однесување или реакција со која намерно на некој или нешто му се нанесува штета или повреда“, при што таа намера не мора да биде до крај спроведена. Според него, има два вида на агресивност и тоа: експресивна и инструментална. Експресивната агресија настанува поради емоционалните фактори и претставува одговор на некоја провокација, фрустрација, навреда или слично во околината на субјектот. Инструменталната агресија настанува првенствено поради когнитивни фактори и служи како средство за остварување на некоја цел[23].

Асоцијално однесување

Еден од најголемите и најгорчливи проблеми на современото општество претставува наглото прогресирање на асоцијалното однесување на младите. Неоспорен е фактот дека живееме во време кога на младите им се достапни најразлични облици на социјално дружење и дејствување, социјални мрежи, напредна технологија, разни начини на забава и рекреација, но младите сѐ повеќе прибегнуваат кон осамување, виртуелно дружење, апатија, неприфатливо однесување и рамнодушност.

Според Булет, уште во раната адолесценција може да се препознаат две групи на социјално однесување кај децата и младите и тоа преку активни и пасивни облици на манифестација на однесувањето.

Активни облици на асоцијално однесување се:

- агресивност
- автоагресивност
- бегање од домот
- бегање од училиштето

[23] Киткањ, З. Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит, докторска дисертација. 2009, Скопје, стр.15

- дружење со врсници кои претходно манифестирале антисоцијални однесувања
- злоупотреба на психо-активни супстанции
- талкање
- недоволна поставеност на училишните обврски
- пасивни облици на асоцијално однесување
- изолирање на заедницата
- изразена некомуникативност
- мрзеливост, немарност за својот изглед
- плашливост.

Постојат и уште многу други индикатори кои укажуваат на појава на асоцијално однесување, како: тикови, грицкање нокти, параноичност, претерана горделивост, недостаток на самодоверба. Поранешните облици на асоцијално однесување се занемаруваат како такви во општеството или речиси исчезнуваат, но затоа пак се појавуваат нови современи облици на асоцијализација кај младите. На пример: тетовирање, хомосексуалност, ексцентричен стајлинг - овие карактеристики веќе не се карактеристики на асоцијално однесување, туку се третираат како дел од демократските права на поединецот[24].

Децата и малолетниците се проблем на општеството тогаш кога нивниот развој ќе добие насока на девијантност, деликвентност или криминално поведение, а тој проблем општеството го разрешува со создавање услови за правилен развој на децата и малолетниците по пат на давање помош, заштита и контрола. За казнено неодговорните деца под 12 години, грижата за „казнувањето“ за стореният престап им е препуштена на родителите и учителите[25].

[24] Предизвиците и перспективите на учителската професија,. Зборник Универзитет Гоце Делчев Штип, 2016, стр.97

[25] Кнежевиќ, С. Малолетничко кривично право, материјално процесно и извршно, Правен факултет, Ниш, стр.16.

Малолетничката деликвенција во Република Северна Македонија

Не смее да се занемери фактот дека повеќе од 10 % од вкупниот криминал во Република Северна Македонија е криминал кој е предизвикан од малолетни лица. Зголемен е степенот на бруталност и насилство, а сѐ почесто се актуализираат прашањата за превенција на оваа негативна појава. Во овој контекст потребно е да го дефинираме поимот „деликвентно однесување“, кој е составен од повеќе поведенија. Во првата група влегуваат оние поведенија кои се инкриминирани во кривичното законодавство, а се сметаат и за кривични поведенија и кај возрасните лица[26]. Ова подразбира изедначување на малолетничката деликвенција со малолетничкиот криминалитет и тука влегуваат сите дела кои ги направиле малолетните лица, а кои се предвидени во кривичниот закон. Кривичното законодавство на нашата држава не го дефинира поимот малолетничка деликвенција, туку само ја одредува неговата положба во процесното кривично право. Оттука произлегува гледиштето дека малолетникот треба да биде во центарот на вниманието во општеството, а не само да се штити општеството од криминал. Во денешно време некои поведенија на малолетниците можат да бидат поопасни од кривични дела кои се случајно сторени, а тоа покажува дека и кога е сторено кривично дело, тоа е индикатор дека со личноста на малолетникот има проблем и неизбежна е социјална и кривично-правна интервенција.

Како втора група на поведенија влегуваат оние поведенија кои во поимот на малолетничката деликвенција, покрај кривичните дела, ги вбројуваат и повредите на некои други закони.

[26] Јашовиќ Жарко, Примарна и секундарна превенција

Во третата група на поведенија влегуваат оние коишто сметаат дека малолетничката деликвенција го опфаќа кршењето на кривично-правните норми и другите правни норми што во една средина се сметаат за негативни[27].

За да се разграничи малолетничкиот криминалитет од останатиот вид на криминалитет, важно е да се карактеризира малолетната возраст, односно старосната граница на сторителот на делото која е законска категорија.

Врз основа на Кривичниот законик на нашата држава, има неколку категории на малолетни лица кои се однесуваат на општите правила за казнување:

- Помлад малолетник е она лице кое во време на извршување на кривичното дело наполнило 14 години, а не наполнило 16 години.
- Постар малолетник е она лице кое во времето на извршување на кривичното дело наполнило 16, а не наполнило 18 години.
- Определен е и поимот дете како малолетник, кое во времето на извршување на делото не неполнило 14 години.
- Помлад полнолетник се однесува на полноленет сторител кој во времето на извршување на кривично дело не наполнил 21 година, што значи лице кое е на возраст од 18 до 21 година.

Овие старосни граници се различни во секоја држава, но сепак во определување на границите се земаат предвид емотивната, менталната и интелектуалната зрелост на детето. Во Република Северна Македонија засега не се регистрирани голем број на повеќебројни банди, но има голем број на кривични дела кои се извршени во група која најчесто врши провални кражби. Многу често при групното извршување, позади планот за кражба стои и полнолетно лице, коешто ги организира и им кажува што да прават тие малолетници и како да го извршат делото. Квотата на криминалитет спаѓа во оној вид на статистичко-методолошки постапки кои што го доведуваат во релација вкупното население со пријавениот криминалитет и масата на сторители на кривични дела. Членовите во

[27] Смилевски,. Б. Превенција на малолетничката деликвенција во Република Македонија-магистерски труд, Охрид 2018. Стр.19.

ДСПДП се професионалци со долгогодишно искуство кои работат директно со деца или или во интерес на унапредување на правата на децата.

Државниот совет има надлежности кои се уредени со Законот за правда на децата во член 156, а тоа се:

- Носење на годишни програми и планови за остварување на програмата;
- Носи Деловник за својата работа;
- Предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Министерството за правда, потребни за неговата работа;
- Дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштита на правата на децата и спречување на детското престапништво;
- Поведува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитанието, за односот на средствата за јавно информирање и за другите фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво;
- Иницирање на истражувања и студии за проблемите на детското престапништво;
- Соработка со меѓународни организации и тела, ангажирани во заштитата на правата на детето и спречувањето на детското престапништво;
- Подготвување на годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво, кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија, Судскиот совет и Врховниот суд на Република Северна Македонија, кои пак се должни да ги разгледаат и да преземат соодветни мерки и активности, согласно своите надлежности;

- Давање на мислење на програмата од членот 151 став (2) од Законот за правда на децата.

Реализирани активности на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво:

- Изработка на Годишен извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2018 година;
- Преземени активности во врска со истражувањето „Проценка на состојбите од ризик кај децата со попреченост во РСМ“ (финилизирање на теоретскиот и статистичкиот дел од истражувањето, дефинирани заклучоци и препораки, изготвување извршно резиме од истражувањето).
- Преземање активности и иницијативи за формирање на Општински совети за превенција на детско престапништво и поддршка на веќе формираните совети;
- Спроведување на Националната стратегија за превенција на детско престапништво 2010-2020 преку Оперативниот план 2015-2017 година;
- Програма за обештетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство;
- Програма за утврдување на критериуми за доделување средства за финансирање на програми за превенција на детско престапништво и заштита од ризично однесување кај деца и млади.

Согласно законските овластувања, ДСПДП може да поведува иницијативи за соработка со институции, предлози за дополнување или измени во постоечката законска регулатива со цел усогласување, предлози за подобрување на услови и третман на децата во ризик, деца жртви и деца во судир со законот и други видови на злоупотреба и занемарување, реакции по однос на констатирани кршења на правата на децата, иницијативи за воспоставување соработка со институции и тела кои работат со деца, посета на институциите во кои се сместени деца,

констатирање на кршење на правата на децата и реакции во врска со констатираните прекршувања, како и давање предлози и иницијативи до релевантните органи - тела во Република Северна Македонија за подобрување и надминување на констатираните состојби при посетите на институциите од страна на членови на ДСПДП. Во 2018 година се преземени следниве активности:

- Предлози до МП за измени и дополнување на Кривичниот Закон во однос на детските бракови;
- Предлози до МТСП за измена и дополнување на Законот за семејството;
- Предлози до МОН за измени и дополнувње на Законот за основно образование.

Изработка на стратешки планови:

Детското престапништво опфаќа различни престапи на правните и општествените норми. ДСПДП изработи Национална стратегија за превенција на детско престапништво во 2010 година со важност до 2020 година, со цел утврдување на стратешките насоки и приоритети за спречување на детското престапништво. Оваа стратегија се заснова на основните принципи кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето, правото на недискриминација и еднаквост, најдобриот интерес на детето, правото на живот, опстанок и развој, правото на слободно изразување и мислење. Стратегијата претставува насока, ориентација, која е всушност базата за подготовка на оперативни планови во сите релативни сектори кои треба да се спроведат, а ДСПДП и се грижи за мониторингот на имплементирање на активностите во согласност со Стратегијата.

Согласно Оперативниот план за тековната 2018 година, Државниот совет ги следеше активностите на примарната, секундарната и терцијалната превенција.

Кога станува збор за примарната превенција, Државниот совет за престапништво го следи процесот на развивање на програмите за вклучување на децата во предушилишните институции, следење на состојбата со примарните

совети во училиштата, изготвување анализа дали училиштата имаат изготвено превентивни содржини и како ги изведуваат предвидените активности.

Кога станува збор за секундарната превенција, се следат активностите за развивање на програмите во училиштата со цел да се идентификуваат децата во ризик и обезбедување на соодветно советување на децата. Државниот совет во овој дел зема учество со тоа што го поттикнува процесот на формирање на Општинските совети за превенција на детското престапништво, како и зајакнување на капацитетите на полициските службеници во постапување со децата во ризик и децата во судир со законот.

Детско престапништво и состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година

Согласно Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година, е постигнат напредок во однос на препораките од извештајот од 2017 година. Државниот совет за превенција на детско престапништво на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган во вршење на работите кои му се определени. Надлежностите на Советот, утврдени со законот, членовите ги спроведуваат одговорно и посветено, следејќи ги вредностите и принципите вградени во визијата и мисијата на ова тело како главни постулати на кои се заснова неговото работење.

Согласно Законот за правда за децата, ДСПДП е во континуирана соработка со сите надлежни државни институции вклучени во системот за правда за деца и тоа: МТСП, МВР, МОН, МП, СУД, ЈО, Народен првобранител, Адвокатска комора на Република Северна Македонија, а врз основа на оваа соработка, Советот ја креира својата Годишна програма за работа, Акцискиот план за активности и го изготвува Годишниот извештај, кој е од особено значење за изработка на овој магистерски труд.

Во извештајот се содржани податоци за остварување на правата на децата, нивната заштита и реализираните превентивни мерки од страна на институциите. Во текот на 2018 година, ДСПДП ги следеше и документираше состојбите врз основа на 32 стандардни индикатори, развиени според меѓународни стандарди, земјаќи ги предвид националните приоритети и специфичности. Податоците во Извештајот се врз основа на податоци од 78 институции согласно индикаторите. Процентот на децата во ризик во 2018 година, во однос на претходната година е зголемен за 17 %, а се бележи намалување од 21,5 % на пријавени деца во судир со законот на популација од 100.000 деца. Во Центарот за социјални работи, Јавното обвинителство и основните судови со проширена надлежност во 2018 година зголемен е бројот на евидентирани деца жртви, додека во МВР не отстапува бројот на деца жртви, во споредба со 2017 година. Се забележува одредено отстапување во податоците добиени од надлежните институции, што е резултат на различно толкување на дефиницијата за дете жртва на кривично дело во Законот за правда за децата и неунифицирано постапување со децата жртви. Во овој Извештај се забележува податокот дека во 2018 година има намалување на бројот на деца коишто биле повикани во полициска станица во својство на пријавени. Процентот на женски деца кои биле повикани во полициска станица бил највисок во својство на оштетени 33 %, а најнизок во својство на пријавени 10 %[28].

Во однос на мерките за помош и заштита на малолетниците, забележано е намалување за 30 % во однос на вкупниот број на деца спрема кои биле применети, но затоа е во благ пораст бројот на мерки што биле применети по дете. Во последните три години постои тренд на намалување на примена на постапка за посредување во Центарот за социјални работи. Во најголем број случаи се вклучуваат мерки, односно санкции кои не вклучуваат лишување од слобода на децата, а тоа кореспондира со Законот за правда на деца.

Казна затвор за деца била изречена спрема 4 (четири) деца, сите од машки пол. Во 2018 година се бележи благ пораст во однос на бројот на донесени

[28] Годишен извештај за работата на Државниот Совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година, 2019, стр.1

решенија спрема деца кои се условно отпуштени од издржување на казна затвор за деца, споредено со 2017 година, кога не е донесено ниту едно решение. Во однос на податоците за донесени решенија за отповикување на условен отпуст нема донесено ниту едно решение. Се бележи тренд на зголемување на изречени алтернативни мерки во однос на 2017 година, кога не е изречена ниту една алтернативна мерка.

Судовите и јавните обвинителства во незначителна мерка или воопшто не ги користат формите на ресторативна правда: медијација, примена на мерки на одвраќање и постапка за признавање на одговорноста и спогодување за висината на казната во постапките кон деца како законска предвидена можност. Охрабрувачки е фактот што во 2018 година се бележи зголемена примена на мерките на одвраќање во јавните обвинителства. Се забележува намалување за 4 % на примената на постапките за посредување при сторен прекршок, а зголемен е трендот на изречени прекршочни санкции, што во споредба со податоците во однос на постапката на посредување, укажуваат на практика децата да не се упатуваат на постапка за посредување, туку да се поведува прекршочна постапка, со што недоволно се користат одредени можности. Бројот на задржани деца во полициска станица во 2018 година бележи зголемување за 10 % во однос на претходната година, а загрижувачки е фактот дека само 36 % од децата остварале право на бранител. Во судот во Кочани се донесени 4 (четири) решенија за обештетување, а во другите судови вакви решенија не се донесени.

Клучниот предизвик идентификува во изминатата година е неисполнувањето на законската обврска за формирање Општински совети за превенција на детско престапништво. Од вкупно 84 општини, само 18 имаат Општински совети, но најголем дел од нив немаат спроведено ниту една активност. Општинските совети за безбедност се стремат кон иницирање, подобрување и спроведување на законска регулатива за заштита на децата, мониторинг и евалуација на ЗПД преку следење на состојбата со детското престапништво и работата на специјализираните институции за деца. Тие даваат поддршка во донесувањето на законски и подзаконски акти, развивање на ресурси

и услови за спроведување на постапките предвидени со законот, а кои имаат заштитен и воспитен карактер и ги следат принципите на ресторативната правда. Со активирање на овие Совети за безбедност, всушност се пристапува кон градење на демократско општество, насочено кон остварување на правата и благосостојбата на сите деца, за заштита и соодветен тртман на децата во ризик и децата жртви и сведоци на насилство и кривични дела.

Препораки од Државниот совет за превенција на детско престапништво

Врз основа на донесените податоци од Извештајот кој го изготвил Државниот совет за превенција, донесени се следниве препораки:

- Општините, согласно Законот за правда на децата, да ја исполнат законската обврска за формирање на Општински совети за превенција на детско престапништво, изработка на Годишна програма, доставување Извештај за својата работа до Државниот совет и обезбедување на потребни услови за формирање и непречено функционирање на општинските совети за превенција на детско престапништво. Исто така, како препорака која е дадена е сите надлежни институции вклучени во системот на правда за децата во своите годишни програми да реализираат превентивни активности, согласно мерките и насоките предвидени во оперативниот план за спроведување на Националната стратегија за превенција на детско престапништво и негово дополнување. Препорака од Државниот совет е да се користат законските решенија што ги пропишува Законот за правда за децата од страна на јавните обвинителства и судовите во делот на ресторативната правда и примена на медијацијата, алтернативните мерки и мерките на одвраќање како можност за вонсудско решавање на постапките за деца. Со цел унапредување и почитување на правото на детето за водење разговор во посебни простории соодветни на неговата возраст, во полициските станици каде постојат такви простории, истите да се

користат, а МВР да ја разгледа можноста за отварање и опремување на просторииии и во други полициски станици.

- Почитување на правото на бранител на детето во полициска станица и правото на адвокат и бесплатна правна помош во Центарот за социјална работа е уште една од препораките. Потребно е да се обезбеди и континуирана обука на адвокатите за работа со децата согласно Законот за правда за децата и доставување на листа на лиценцирани адвокати за работа со децата до Центрите за социјална работа, полициските станици, јавните обвинителства и судовите од страна на Адвокатската комора на РСМ.
- Има препорака кон МВР да се зголеми примената на постапката за посредување спрема децата кои извршиле прекршоци со цел да се одбегне водење на прекршочна постапка пред надлежниот суд, така што ќе се одбегне дополнителна виктимизација на децата од страна на институциите.
- Потребно е да се зајакне улогата на ЦСР во однос на надлежности, материјално-финансиски и кадровски предуслови за пружење соодветен постпенален третман на деца по излегување од установа.
- Потребно е да се зголеми примена на Законот за правда за деца во делот на мерки на помош и заштита во однос на сите деца кои се нашле во определена состојба на ризик, а со цел влијание врз причините што довеле до таквата состојба, којашто негативно се одразува врз развојот на личноста на детето и негово правилно воспитување.
- Потребна е поголема практична примена на законските решенија од Законот за правда за децата од страна на центрите за социјална работа и примена на посредувањето како можност од листата на мерки за помош и заштита.
- Потребно е да се подобрат и зајакнат институционалните услови за извршување на дисциплинската мерка - упатување во Центар за деца во Скопје, согласно одредбите од Законот за правда за децата, со што ќе се

поттикне и нејзиното изрекување од страна на судиите. Неопходно е да се развие мрежа на центри за деца на регионално ниво.

Детско престапништво и состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година

Годишниот извештај на Државниот Совет дава преглед на состојбата со правата на децата и детското престапништво на Република Северна Македонија во 2019 година. Извештајот, исто така, дава осврт на работата на Советот во 2019 година и предлага решенија кои ќе ја подобрат неговата работа. Во 2019 година Државниот совет ги следеше и евидентираше состојбите врз основа на 32 стандардни индикатори, развиени според меѓународни стандарди, земајќи ги предвид националните приоритети и специфичности. Согласно овој извештај и индикаторите, дојдено е до следниве констатации:

Дека во 2019 година има мало подобрување во однос на условите за неговата работа, на начин што кон крајот на 2019 година Министерството за правда додели и секретар на Државниот совет, но дел од работите останаа непроменети. Тешкотиите во решавање на системските институционални проблеми директно влијае врз ефикасноста и ажурноста во работењето и градењето на неговото реноме, како во системот на институции, така и во поширокаата јавност[29].

Согласно Програмата за работа на Државниот совет во 2019 година, се реализирани следниве активности:

[29] Годишен извештај за работата на државниот совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година, Државен Совет за превенција на детско престапништво, Скопје 2020.

1. Изработка на Годишен извештај на Државниот совет за превенција на детско престапништво за 2019 година, а за таа цел се спроведе: собирање на податоци согласно индикаторите за следење на примената на Законот за правда на децата и изготвување на Годишен извештај за 2019 година, доставување табели за обезбедување податоци согласно утврдените индикатори, 8 сектори за внатрешни работи, 30 Центри за социјална работа, јавни обвинителства и судови, собирање на обезбедените податоци и нивна обработка, ангажирање на стручно лице за кванититативна обработка на податоците, доставување барања за извештаи со реализирани активности од областа на превенција на детско престапништво до Општинските совети за превенција на детско престапништво, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи и Народниот првобранител, усвојување на Годишниот извештај за 2018 година, негово печатење и доставување на истиот до Владата на РСМ, Собранието на РСМ и Судскиот совет на РСМ.
2. Истражување за утврдување на ризик фактори што доведуваат до појава на пореметување во однесувањето кај децата од основното образование.
3. Поддршка на процесот на потпишување Меморандум за соработка во однос на обука на адвокати за правда на децата.
4. Изработка на мултидисциплинарна студиска програма за додипломски студии за детско престапништво.
5. Преземање активности и иницијативи за формирање на Општински совети за превенција на детско престапништво и поддршка на веќе формираните совети.

Државниот совет во текот на 2019 година заради реализација на оваа активности ги реализира следниве активости:

- Воспоставување и соработка со Општинските плански региони со цел формирање на Општински совети за превенција на детско

престапништво и продлабочување на воспоставената соработка со веќе формираните совети.

- Градење на соработка со градоначалниците на Општинските плански региони со цел формирање на Општинските совети, презентирање на улогата и надлежностите на Државниот совет пред членовите на советите и следење на актуелните состојби со детското престапништво.
- Остварени работни средби со градоначалникот на Куманово.
- Разгледување на годишните извештаи за работата на Општинските совети за превенција на детско престапништво и анализа на спроведените програми.
- Испраќање дописи до сите општини во однос на состојбата со општинските состојби.
- Поддршка на процесот за измени на ЗПД во однос на обврската за формирање на Општинските совети.

Анализа на законската регулатива за современ малолетнички правен систем

Современиот малолетнички правен систем, неговата функционалност, улогата на лицата задолжени за спроведување на малолетничката правда, како и неговиот алтернативен начин на решавање на случај кога малолетник доаѓа во судир со законот, произлегуваат од меѓународните документи, при што нашето законодавство во целост е поставено врз основа на меѓународните стандарди и правила, особено од оние кои се донесени од страна на ОН.

Современите текови во постапувањето со малолетниците се водат од определбите кои се содржани во меѓународните инструменти за малолетничката правда, според кои таа треба да се сфати и креира како формална компонента на поширокиот приод во справувањето со криминалитетот. Во системот на малолетничката правда, освен судовите за малолетници, треба да бидат опфатени

и полицијата, обвинителството, пробациските служби и пенитенцијарните установи[30].

Неказнивоста или казнивоста на малолетникот зависи од кривичните законодавства на секоја земја.

Неопходна е потребата од иновирање на легислативата поврзана со малолетниците, во која доминантни се воспитните мерки и интервенции, наместо казнувањето и лишувањето од слобода со сместување во установи за малолетници.

Целта на овој приод кон малолетниците е со цел да се избегне загрозувањето на правилниот раст и развиток на младите лица на преминот од малолетство кон полнолетство.[31]

Кога станува збор за малолетничката деликвенција, новиот пристап го карактеризираат настојувања со цел да се подигне свеста и да се применат алтернативните и рестриктивни мерки и постапки, водејќи сметка за социјалното чинење на кривичните делла и ефектите што се очекуваат од криминалната контрола. Тоа значи дека жртвите треба поефикасно да ги остваруваат своите интереси, сторителите полесно да се реинтегрираат и да се подобри довербата на јавноста во правниот систем и законската регулатива.

Современиот малолетнички казнен систем дава една основна насока, а тоа е надминување на криминогените фактори, а тоа придонесува да се одбегне вклучување на децата во формалниот казнен систем и наметнување на санкции[32].

Концептот на законодавството за малолетничка правда претставува сублимат на одредби кои припаѓаат на две области: малолетничка правда и благосостојба на децата. Најголем акцент е ставен врз превентивните, заштитните и воспитните мерки, како парична казнена рекација, па дури потоа сериозни

[30] Предлог-закон за измена и дополнување на законот за малолетничка правда, септември 2010г., Скопје
[31] Бужаровска Г., Нанев Л., Кошевалиска О. Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда, Даскал Камче, Кавадарци, 2012. стр.18.
[32] Велкова Татјана, Бранителот и малолетничката правда

санкции, кои треба да одговараат на неговата личност и потребата од неговото воспитување, образование и развој.

Малолетничката деликвенција се регулира согласно Законските регулативи, а од клучна важност е Законот за правда на децата[33].

Согласно Законот за правда за децата, кој стапи во сила на 29.10.2013 година, во нашата држава децата кои дошле во каков било судир со законот поради извршување на со закон казниви дела, се класифицираат на повеќе начини и тоа:

- Дете е секое лице на возраст до 18 години.
- Дете во ризик е секое дете кое наполнило 7 години, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, вопитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, кое не е вклучено во системот на обрзование и воспитување, вовлечено во питачење, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие, кое со закон е предвидено како кривично дело.
- Дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието, со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок, наполнило 7 години, а не наполнило 14 години.
- Дете во ризик од 14 до 18 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието, со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок, наполнило 14 години, а не наполнило 18 години.

[33] Закон за правда на децата, Службен весник на РСМ, бр.275/19

- Дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието, со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор над три години, наполнило 14 години, а не наполнило 16 години.
- Дете во судир со закон над 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието, со закон предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор над три години, наполнило 16 години, а не наполнило 18 години.
- Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.
- Помладо полнолетно лице е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18 години, а не наполнило 21 година[34]

Целите на овој закон е остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните права и слободи, нивниот правилен развој, нивна социјализација, воспитување и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права кои се загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, Конвенцијата за правата на детето и други меѓународни договори за положбата на децата.

Со овој закон се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита на воспитни и алтернативни мерки за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат

[34] Закон за правда на децата, Сл. Весник на РМ бр.148/2013, член 19.

во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни.

Исто така, со овој закон се уредуваат мерките за заштита на децата кои се жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на деца сведоци и мерките за превенција на детското престапништво.

Согласно член 4 од Законот за правда на децата, детето има право да биде информирано, испитано и ислушано од сите институции кои доаѓаат во допир со него за неговите права. Во секоја судска и вонсудска постапка во која учествува, детето има право активно да учествува во носењето на одлуки во неговиот живот и да даде свое мислење. Со Законот за малолетничка правда, македонскиот кривично-правен систем доби нов квалитет во однос на постапувањето со малолетниците - деца во ризик, постари и помлади малолетници кои се сторители на лесни кривични дела или во состојба на ризик. Одредбите од Законот во голема мера се во духот на меѓународните документи и препораките на Советот на Европа во однос на малолетничката деликвенција. Постојат нови облици на постапување што овозможуваат неформален пристап во разрешувањето на причините кои довеле определен малолетник да биде во состојба на ризик од можно впуштање во криминално однесување, зајакната улога во Центрите за социјална работа, особено кон децата од 7 до 14 години кои се во ризик, но и во однос на другите малолетници во ризик, проширени можности за неповедување постапка од причини на целесообразност од страна на постапувања со медијациски карактер, јавно спогодување за вината и кривичната санкција.

Законот укажува на правото на малолетникот постапката да ја води и санкцијата да ја изрече само суд надлежен за малолетници, но едновремено укажува дека за малолетниците не се грижи само судот, туку дека кон малолетникот определени мерки на помош и заштита и други законски предвидени мерки може да преземат другите специјализирани органи - Центрите за социјална работа, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и установите за извршување санкции за малолетници.

Законот за малолетничка правда[35] е уште еден од регулативите кои се анализираат за да се заштитат правата на малолетниците. Овој закон е донесен од Собранието на Република Македонија на 4 јули 2007 година и претставува реформа на малолетничкото законодавство на Република Македонија затоа што во него се имплементирани меѓународните стандарди за малолетничка правда, а кои се однесуваат на: начело на заштита на малолетникот и неговите права, социјализација и помош во постапувањето со малолетникот, ресторативна правда и превенција на малолетничката деликвенција.

Со овој закон се уредуваат постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки за казнување на малолетниците, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија.

Законот за заштита на деца[36] е уште една законска легислатива која ги регулира правата на децата и ги штити нивните права. Со овој закон се уредува системот, организацијата и начинот на обезбедување заштита на децата. Заштитата на децата претставува организирана дејност која е заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и општината за водење на хумана популациона политика. За остварување на заштита на децата се пристапува кон обезбедување на услови и ниво на животен стандард кој одговара на физичкиот, моралниот, менталниот и социјалниот развој на децата. Државата и локалната самоуправа имаат обврска да даваат соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата, обезбедување на помош за родителите за издржување, подигнување на свеста и развој на институции и установи за заштита на децата.

[35] Закон за малолетничка правда (Службен весник на Република Македонија бр.87/2007,103/2008, 161/2008 и 145/2010)

[36] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilnicidetska/2020/29.6-%D0%94%D0%97.pdf

Во примената на Законот за заштита на децата се пристапува кон заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандарди за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слободна и Меѓународните документи за спроведување на малолетничката правда, како и правата на сопствено мислење, слободно изразување, образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Врз основа на овој закон правата за заштита на децата се:

1. Детски додаток
2. Посебен додаток
3. Еднократна парична помош за новороденче
4. Партиципација
5. Родителски додаток за дете.

Облиците за заштита на децата кои ги утврдува законот за заштита на децата се:

1. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст
2. Одмор и рекреација на деца
3. Други облици на заштита.

Во обезбедувањето на заштитата на детето законот ги вклучува: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, како и институциите на државната и локалната власт, јавните организации кои се поврзани со давање помош и поддршка на деца.

Овој закон ја забранува секоја форма на дискриминација врз основа на расата, бојата на кожа, полот, вероисповед, политичко убедување, етничко или социјално потекло, имотна состобја, раѓање или друг статус на детето, неговиот родител или законски старател.

Се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со деца, психичко или физичко насилство, нечовечно однесување, сите видови на експлоатација, искористување и злоупотреба на децата, со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на детето. Државата и институциите се обврзани со законот да ги преземат сите мерки за заштита на децата од нелегална употреба и други форми на злоупотреба на децата во нелегалното производство и трговија со опојни дроги, психотропни супстанции.

Забранета е злоупотреба на децата поради политичко или верско спроведување на малолетничката правда, организирање и дејствување. Се забранува вклучување на малолетни деца во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија. Државата и институциите на системот се должни да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спечување на сите облици на дискриминација и злоупотреба, без оглед на местото каде се извршени овие дејства, тежината, интензитетот и нивното времетраење.

Секое дискриминаторско дејствие сторено во вршењето на службената должност претставува основ за дисциплинска одговорност согласно законот.

Директна дискриминација претставува секое постапување со кое барателот или корисникот на заштита на децата бил ставен во неповолна положба од други корисници во споредбени случаи заради расна, етничка или друга припадност.

Индиректна дискриминација, во смисла на овој закон, постои кога со определена неутрална одредба, критериум или пракса, го стави барателот или корисникот на заштита на децата во неповолна положба во однос на други лица, заради расна, етничка или друга припадност, освен доколку се утврдени критериуми или практики кои се објективно оправдани со легитимна цел и средства за постигнување на таа цел и се соодветни и неопходни.

Детски додаток е право на детето и се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од трошоците во подигање и развој на детето. Право на детски додаток може да оствари еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот Центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него[37].

Детски додаток следува за деца коишто родителот ги издржува, како и за деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, внуци, браќа, сестри.

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца, кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на физичкиот, емоционалниот и интелектуалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Криминалитетот кај децата, а посебно оној со елементи на насилство, отсекогаш привлекувал сериозно внимание во општествената заедница. Земајќи ја предвид општествената опасност и последиците што ги продуцира малолетничката деликвенција како сложена појава, бара сериозен пристап и ангажирање на сите расположливи средства и мерки од страна на релевантните институции во спречувањето на факторите и условите кои доведуваат до малолтничко престапништво.

Документи од Обединети нации

Декларација за правата на детето (Женевска декларација од 1924 година)

Женевската декларација констатира дека светот му го должи на детето најдоброто што го има прифаќајќи дека:

[37] Бужаровска, Г.. Нанев, Л., Кошевалиск, Меѓународни документи за спроведување на малолетничка деликвенција, Кавадарци, 2012., стр.133, 241

.

1. Детето кое е гладно мора да биде нахрането, на болното дете мора да му се даде лекарска нега, детето деликвент мора да биде одново прифатено, сираците и бездомниците мора да добијат помош и заштита.
2. Детето има право на компетентни и духовни услови за правилен развој.
3. Детето има предност во добивањето на помош во моменти на криза.
4. Детето мора да има обезбедено издршка и заштита од секаков облик на експлоатација.
5. Детето мора да биде воспитувано со упатување дека неговите способности треба да служат на неговите блиски.

Декларација за правата на детето

Оваа декларација е усвоена и прокламирана со резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации 1386 (XIV) од 20 ноември 1959 година. Оваа Декларација е прокламирана за правата на детето, за да може детето да има среќно детство и за да да може да ужива заради свое сопствено добро и добро на општеството, основните права и слободи во неа и ги повикува родителите, мажите и жените, како и поединците, локалните власти и националните влади да ги признат правата од Декларацијата и да се грижат за нивно почитување со законски мерки[38]. Декларацијата се состои од 10 начела кои ги прикажуваат правата кои треба да ги ужива детето.

Детето треба да ужива посебна заштита и треба да му се даде прилика и олеснување, со закон или други средства, да се развие физички, ментално, морално и општествено во здрав, нормален начин и во услови на слобода и достоинство.

Согласно оваа Декларација, детето треба да расте под закрила на грижата и одговорноста на своите родители и во атмосфера на налонетост и морална и

[38] http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

материјална сигурност. Детето во првите години од животот не смее да биде одвоено од својата мајка, освен во некои исклучителни околности. Јавните власти и самото општество имаат должност посебно да се грижат за децата без семејство и за оние кои немаат средства за издржување.

Исто така, врз основа на оваа Декларација, детето има право на образование, кое барем во основниот степен треба да биде задолжително и бесплатно. Тоа треба да добие образование кое ќе придонесе за унапредување на неговата општа култура и ќе му овозможи под еднакви услови да ги развие своите способности, чувството за морал, општествена одговорност и да стане корисен член во општеството.

Детето треба да биде заштитено од сите форми на небрежност, свирепост и експлоатација, или пак да биде предмет на трговија. Детето не смее да биде вработено пред соодветна минимална возраст, а во никој случај не смее да се дозволи вработување на дете на работно место кое е штетно за неговото здравје или воспитување или го нарушува неговиот сефкупен развој.

Декларација за социјалните и правни принципи кои се однесуваат на заштита и благосостојбата на децата, со посебен осврт на посвојувањето и сместувањето

Оваа Декларација датира од 16 декември 1981 година и настанала како резултат од загриженоста дека голем број од децата кои се напуштени или се сирачиња се такви како резултат на насилство, внатрешни немири, вооружени конфликти, економска криза или социјални проблеми. Оттука произлегува и малолетничката деликвенција, која во последните неколку години е засилена повеќе од кога било.

Препознавајќи дека само кога одредена институција е призната и регулирана во домашното право на државата, одредбите од оваа Декларација во врска со таа институција ќе бидат релевантни и дека таквите одредби во никој

случај нема да влијаат на постоечките алтернативни институции во другите правни системи.

Оваа Декларација ги претставува следните принципи:

- Семејство и благосостојба на детето;
- Сместување во дом;
- Посвојување.

Правосудниот систем за малолетничка деликвенција треба да стави нагласено значење на благосостојбата на малолетникот и треба со сигурност да утврди дека каква било преземена мерка кон малолетникот секогаш ќе биде во сооднос со околностите во кои е сторено кривичното дело и состојбата на сторителот.

Правосудството на малолетничката деликвенција има поставено две најважни цели, од кои првата се однесува на унапредување на благосостојбата на малолетникот. Ова е главен предмет на интересирање на оние правни системи, во кои малолетните деликвенти се предаваат на семејни судови или административни надлежни органи, но сепак благосостојбата на малолетникот треба биде нагласена и во прваните системи кои го следат моделот на примена на кривично гонење, со што придонесува кон избегнување на преземање на исклучиво казнени мерки.

Втората поставена цел е „принципот на пропорционалност“, кој е познат како средство за ограничување на казнените мерки, а изразена е со казна која е заслужена во однос на тежината на стореното кривично дело.

Многу е важно во моментот кога ќе се покрене постапка против малолетничка деликвенција, не треба да се разгледува само тежината на стореното прекршок, туку и личната состојба на малолетникот, односно општествениот статус, семејната состојба, штетата предизвикана со стореното кривично дело и други надворешни фактори кои влијаат на личната состојба.

Мерките што се преземаат со цел да се постигне благосостојба кај младиот сторител на прекршок можат да имаат друга димензија, односно да ги прекршат основните права на младата личност, како што тоа веќе се случило во некои правни системи за малолетничка деликвенција. Затоа од особено значење е да се обезбеди пропорционалност на реакцијата и состојбата на прекршителот и стореното кривично дело.

Законот за малолетничка правда ги регулира општите правила за санкциите што им се изрекуваат на малолетниците, а тоа се:

- Воспитни мерки;
- Дисциплински мерки, како укор или упатување во дисциплински центар;
- Мерки на засилен надзор од страна на родителите или старателот или надзород страна на социјален работник;
- Заводски мерки: упатување во воспитна установа, упатување во Воспитно-поправен дом.

Член 32 од Законот за малолетничка правда при изборот на воспитната мерка судот ќе ја земе предвид возраста на малолетникот, неговите психички својства, неговата душевна способност, досегашното воспитување, средината и приликите во кои живеел, тежината на делото, дали кон него досега била изречена воспитна мерка заради постигнување на нејзината цел определена со закон[39].

На дете сторител на кривично дело, согласно Законот за правда на децата и Кривичниот законик, може да му се изречат следниве мерки и казни:

- Мерки на помош и заштита;
- Воспитни мерки;
- Казни - санкции;
- Алтернативни мерки;

[39] Член 32 од Закон за малолетничка правда, Службен весник бр 87/2007

- Мерки на безбедност.

Мерки на помош и заштита

Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, здравствената, социјалната, семејната и други облици на заштита, како што се: домување, материјална помош, образование, организирање, користење на слободно време, правна помош, едукација, посредување од страна на Центарот за социјална работа и друго. Овие мерки се користат кај деца во ризик до 14 години и деца во ризик над 14 години и се од најдобар интерес за детето и неговиот развој, само кога Центарот за социјална работа ќе процени дека состојбата на ризик се одразува врз развојот на личноста на детето и неговото правилно воспитување.

Воспитни мерки

Овие мерки се користат за деца над 14 години за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. Воспитни мерки кои можат да се изречат се:

- Укор или упатување во Центар за деца;
- Мерки на засилен надзор (од страна родител или старател, згрижувачко семејство, од страна на Центарот за социјални работи);
- Заводски мерки - упатување во воспитна установа или во Воспитно-поправен дом.

Казни - санкции

Казните се предвидени за деца над 16-годишна возраст кои се кривично одговорни и кои поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривична одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Кривичната санкција треба јасно да ја изразува општествената осуда за повреда на одредени морални вредности и да биде сразмерна на тежината на кривичното дело. Кривичната санкција треба да биде отповиклива со цел да можат да се избегнат последиците од евентуално нејзино погрешно изрекување. Најзначајна

карактеристика на кривичните санкции е тоа што можат да се изрекуваат само по извршување на кривичното дело. Согласно Законот за правда, можат да бидат изречени следниве казни:

- затвор за деца

- парична казна

- забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата.

Алтернативни мерки

Овие мерки се превидени за кривично одговорни деца кои се над 16-годишна возраст. Алтернативните мерки кои можат да бидат изречени се:

- условна осуда со заштитен надзор

- условно прекинување на водење на постапка спрема детето

- општокорисна работа.

Мерки на безбедност

Според Кривичниот законик и Законот за правда на децата, на дете на кое му е изречена воспитна мерка или казна, судот може да изрече и некоја од мерките на безбедност, како што се:

- задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа

- задолжително психијатриско лекување на слобода

- задолжително лекување на алкохолочари и наркомани.

Системот на кривични санкции спрема децата овозможува индивидуален третман и специјална превенција. Ваквиот пристап е прифатен и со законот, кој при определувањето и примената на мерките и санкциите кон децата ги имплементира начелата кои се содржани во Конвенцијата за правата на детето.

Целта на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и прекршочните санкции е преку давање заштита и помош на децата со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната личност, да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој.

Според Законот за малолетничка правда, лишувањето од слобода е последната мерка која може да му се изрече на малолетникот. Лишувањето од слобода на малолетник треба да биде последна опција, истата да биде во најкраток можен рок и треба да биде лимитирана за посебни случаи. Задржувањето на детето во затвор се покажа на дело како фактор кој ќе ја направи поверојатна, наместо помалку веројатна, можноста повторно да изврши криминал, откако малолетникот ќе биде пуштен на слобода. Најдобро е децата да се третираат во заедницата. Само децата кои претставуваат вистинска опасност за јавноста треба да бидат затворени. Овие деца сочинуваат многу мал број од целокупниот број на деца кои сториле кривично дело.

Сепак, Законот за малолетничка правда се однесува само на затворот и притворот пред судење како форми на лишувањето од слобода. Привременото лишување од слобода за време на судењето, образовните мерки кои вклучуваат и институцијализација и употребата на дисциплинска мерка која врши упатување во Центарот за млади, се исто така форми на лишување од слобода. Малолетниците ги имаат сите права кои им се достапни на возрасните, како и дополнителни права кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни документи, како што е Конвенцијата за правата на детето. Во затворот на малолетниците треба да им биде обезбедена работа или други активности кои се корисни за нивното образование и за елиминирање на негативните последици од лишувањето од слобода во согласност со нивната личност. Сепак, во пракса ова не се спроведува. Малолетниците кои се упатени во воспитно-поправни установи или во затвор за малолетници имаат право да посетуваат основно и средно образование, кое е задолжително за сите. Сепак, во пракса за некои институции ова е многу тешко да се спроведе. Девојчињата и момчињата се сместуваат во одделни установи кога се изрекуваат мерки и санкции за нив. Во институциите на малолетниците им е

загарантирана медицинска грижа, а од страна на секоја институција се регулирани дисциплински процедури. Не постои стандарден документ кој ја регулира оваа постапка. Она што вреди да се спомене е дека конечната одлука што се однесува на дисциплинските мерки кои им се изречени на малолетниците исклучиво ја донесува директорот на установата. Децата во затворот за малолетници можат да останат до 23 години, пред да бидат префрлени на институција за возрасни. Сепак, не постојат посебни прописи во однос на транферот.

Во Република Северна Македонија, долго време преовладуваше сфаќањето дека развојот на казненото право ги следи трендовите во науката и теоријата дека положбата на малолетното лице во кривичната постапка ги следи современите и цивилизациските текови. Според Арнаудовски,[40] во теоријата преовладувало сфаќањето дека малолетните лица треба да се извлечат од општиот дел на кривичното право и нивната казнено-правна положба да се регулира со посебен закон. На тој начин концептот за постапување со малолетникот е изведен од концептот за човековите права, како нова ориентација во казненото право и во криминалната политика. Во таа ориентација многу значајно место заземаат меѓународните документи, во кои се дефинирани и поставени норми и стандарди, кои се во функција на остварување на малолетничката правда[41].

Од сето погоренаведено произлегува заклучок дека постапувањето со малолетниците инклинира кон систем којшто е комбинација од традиционална малолетничка правда и систем каде што акцентот е ставен врз благосостојбата и најдобриот интерес на детето. Дејствијата што како реакција може да му се наметнат на малолетникот се засноваат врз начелата на социјална интеграција, превоспитување, образование и специјална превенција од идно девијантно, односно криминално однесување. Без оглед на начинот што ќе биде одбран како постапка и крајна мерка, мора да се почитуваат основните права што ги ужива детето, односно малолетникот како кривично одговорно лице. Мора да се има на ум одбегнување на стигматизацијата и дискриминацијата, мерките мора да бидат

[40] Арнаудовски, Љ, Малолетничкиот криминалитет во Македонија, 1983, Скопје.
[41] Хорватиќ, Ж. Елементарна криминологија, 1981.

определени за неопходен минимален период на време и само за легитимна цел насочена кон индината, а не кон минатото. Начелото на минимална интервенција инсистира на преземање мерки кои нема да го загрозат психо-физичкиот и емоционалниот развиток на младата личност. Тие ќе се преземат итно, без непотребно одлагање, до определен степен и за период на време што ќе се оцени како неопходен. Освен одбегнување на лишувањето од слобода и апострофирање на алтернативните мерки, ресторативниот период укажува на предностите што ги нуди медијацијата, која би требало да се применува во сите стадиуми од постапувањето[42].

Судска постапка

Кога децата ќе дојдат во судир со законот, важно е да се обезбеди отпочнување на судската постапка во најкраток можен рок. Насоките на Советот на Европа за правда на децата, предвидуваат нивните случаи да бидат класификувани како итни, со цел да се заштитат најдобрите интереси на детето. Истите советуваат дека кога има потреба, судските власти можат да размислат за можноста за надзор и контрола на првичните пресуди во текот на одреден временски период, со цел, подоцна истите да бидат повторно разгледани. Детето има право на правична и брза постапка, особено кога судскиот процес е затворен за јавноста и затоа ваквите права мораат соодветно да бидат избалансирани. На пример, тоа значи дека мора да постојат некои ограничувања во однос на можните одложувања на постапката, поради отсутен сведок или нерасположиви докази. Пекиншките правила велат дека брзото спроведување на формалните постапки во предметите каде се работи за деца е од исклучителна важност. Ова особено мора да се испочитува, затоа што во спротивно, би било загрозено сето она добро, што би можело да се постигне во текот на постапката и со изречената санкција. Како минува времето, за малолетникот ќе станува сѐ потешко, па дури и невозможно да ја одржува врската помеѓу постапката и санкцијата и самото сторено дело и тоа како на интелектуално, така и на психолошко ниво.

[42] Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда- Совет за превентива против малолетничката деликвенција, 2012, Кавадарци, стр.45.

Постапката спрема малолетниците мора да биде итна и ефикасна. Не постојат посебни малолетнички судови, туку во основните судови со проширена надлежност се формирани Специјализирани судски оддели за криминалитетот на децата кои ги сочинуваат судии за деца, совети за деца и советницизa деца кои се специјализирани за предметите од оваа област.

Постапка спрема дете над 14 години за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело се поведува само по барање од јавниот обвинител. За кривични дела за кои се гони по предлог или приватна тужба, постапката може да се поведе ако оштетениот во рок од три месеци од сознавањето за стореното дело или сторителот, доставил предлог за поведување на постапка до надлежниот јавен обвинител. Ако јавниот обвинител не достави барање за поведување на постапка спрема дете, ќе го извести за тоа оштетениот. Оштетениот не може да ја преземе постапката, односно не може да поднесе приватна тужба до судот, туку може во рок од осум дена од приемот на известувањето од јавниот обвинител да бара Советот за деца на надлежниот суд да одлучи за поведување на постапка. Моделот на малолетничка правда и благосостојба може да произведе успешни и очекувани ефекти само доколку во него се вклучат семејството и училиштето, како социјални средини каде што младата личност се оформува и образува. Овој предуслов произлегува од сѐ погласните укажувања дека системот на малолетничката правда мора да има мултидисциплинарен пристап како единствен кој може да обезбеди сеопфатен пристап и континуирана грижа.

Јавниот обвинител доставува спогодба до Советот на деца, кој може да ја прифати и да донесе пресуда со која ќе ја изрече предложената санкција, против која не е дозволена жалба. Ако судот не ја прифати спогодбата, го враќа предметот на јавниот обвинител, кој е должен да поднесе барање за поведување на подготвителна постапка. Подготвителната постапка претставува исклучително значајна фаза во постапката спрема детето за сторено кривично дело затоа што покрај фактите кои се поврзани со кривичното дело, посебно се утврдува возраста на детето, оценката на неговата душевна развиеност, се испитува средината и приликите во кои детето живее, како и други околности што се однесуваат на

личноста на детето. Подготвителната постапка започнува со поднесување барање на јавниот обвинител до судијата за деца, а доколку судијата за деца не се согласи со барањето на јавниот обвинител, ќе побара за тоа да одлучи кривичниот Совет за деца на основниот суд. Подготвителната постапка е поведена тогаш кога судијата за деца го презема првото дејствие во постапката. Ако судијата за деца по испитувањето на детето и добивањето на извештај од Центарот за социјална работа, оцени дека нема потреба од спроведување на други дејствија, ќе го изнесе предметот пред Советот за деца заради конечно решавање во рок не подолг од 8 дена. За кривично дело за кое е утврдена казна затвор до три години, јавниот обвинител може од судијата за деца да му достави предлог на Советот за деца за изрекување на санкција без спроведување на подготвителна постапка, ако случајот е доволно разјаснет и собраните податоци за личноста на детето даваат доволно основа за донесување на одлука. Но, Советот за деца не може да донесува одлука за изрекување на мерка и друга санкција ако не е доставен наодот и мислењето од стручниот тим на Центарот за социјални работи за околностите и личноста на детето, со мислење за санкцијата што треба да му се изрече на детето. Советот за деца решава на седница откако претходно ќе ги прибави списите од јавниот обвинител, на кои се повикува и самиот јавен обвинител. Советот за деца може да одлучи да не се води поготвителна постапка или спрема детето да се поведе постапка пред судија за деца. Против решението на Советот за деца не е дозволена жалба. Во текот на подготвителната постапка, судијата за деца може да определи детето привремено да се смести во установа за образование, грижа и заштита на деца, освен установа надлежна за извршување на мерки и санкции спрема деца, да се стави под надзор на Центарот или да се смести во згрижувачко или друго семејство, ако тоа е потребно заради давање помош, заштита или згрижување на детето. Против решението за привремено сместување или надзор е дозволена жалба до кривичниот Совет за деца на основниот суд.

Министерството за внатрешни работи може да го повика детето на разговор во полициска станица доколку има сомневање за кривично дело. Задржувањето на дете во полициска станица може да трае најмногу до 12 часа. Овластени службени

лица на Министерството за внатрешни работи можат да задржат до 8 часа дете затечено при извршување на прекршок против јавниот ред и мир, доколку воспоставувањето на јавниот ред и мир не може да се постигне на друг начин. МВР се должни веднаш да го известат надлежниот јавен обвинител, судија за деца, односно судијата на претходната постапка, родителите, бранителот и Центарот.

Значи, од горенаведеното можеме да дојдеме до заклучок дека судскиот процес е поделен на претходна постапка, во текот на која се обезбедуваат и анализираат сите факти и се изготвува предлог за евентуалната санкција или мерка, и судење каде се изрекува казната, без дополнителни сослушувања на сведоци. Со постапката раководи судија поединец за малолетници, а во одредени случаи за предметот може да решава и Судски совет. Во случаите кога се познати сите факти, а не може да биде изречена заводска мерка, судењето се води по скратена постапка и се носи пресуда, само во однос на изречената санкција или мерка. Ваквата скратена или забрзана постапка може да трае најдолго 38 дена. Постапката против едно малолетно лице не може да трае подолго од една година, со исклучок на кривичните дела, за кои законски пропишаната казна е најмалку четири години затвор и во тој случај целата постапка може да трае најдолго шест месеци. Постојат жалбени совети, кои се состојат од еден судија за малолетници и други двајца судии кои постапуваат во втор степен, како и Малолетнички совет при Врховниот суд задолжен за евентуалната постапка во трет степен. Доколку се работи за малолетници на возраст од 14 до 16 години, можат да се изречат само воспитни мерки. Некои од таквите воспитни мерки се од институционален карактер, како на пример згрижувањето во Центар за деца и Воспитно-поправната институција од полуотворен тип. Другите мерки се укор и засилениот надзор од страна на родителите/старателите, згрижувачко семејство или Центарот за социјална работа. Што се однесува до активностите за ресоцијализација и третман на располагање, тоа претставува голем предизвик во сите можни ситуации. За време не притвор нема никакви активности и постојат одредени потешкотии, со кои се соочуваат сите претходно споменати институции. Ресурсите кои можат да се

искористат за отпочнување на имплементацијата на незаводските мерки се ограничени.

УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СО ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

Ефикасниот систем на малолетничка правда зависи од целосна имплементација на законодавната рамка и институционалните капацитети.

Улогата на Центарот за социјална работа е строго дефинирана со законите на секоја држава и го пропишува начинот на неговото делување. Споредбата на пропишаната теорија и она што всушност се спроведува во пракса зависи од Центарот за социјална работа. Малолетничкото престапништво, односно малолетничката деликвенција е социјален и сериозен прблем, во кој треба да се вклучат сите релевантни фактори сѐ со цел да се овозможи подобар и поквалитетен живот на децата и младите. Согласно измените во Законот за социјална заштита,[43] и под законска регулатива во 2019 година заради обезбедување на подобра и поквалитетна социјална и детска заштита и полесен пристап до правата и услугите за граѓаните, е воведено Интегрирано водење - управување со случаи во Центрите за социјална работа.

Примарната цел во водењето на случаи е оптимизација на функционирањето на благосостојбата на корисникот преку обезбедување на квалитетни услуги, посебно кај корисниците на повеќекратни, покомплексни проблеми и потреби.

Управувањето, односно водењето со случаи во социјалната работа е системски пристап, кој бара координација на процесот на обезбедување услуги што често обезбедуваат различни услуги, подразбира активности за проценка, ангажмани, пристап до услуги, координација и надзор на услугите што треба да

[43] Закон за социјална заштита, Службен весник бр.104/2019

одговорат на потребите на клиентот, односно корисникот. Водењето на случаи претставува метод на социјалната работа, во кој со соработка со корисникот се проценуваат потребите и ризиците, се договараат и координираат потребните услуги, се следи, евалуира и застапува најдобриот интерес на корисникот, заради постигнување на благосостојба и подобрување на негово секојдневно функционирање.

Центарот за социјална работа има значајна улога и сложена задача во комплексната заштита на малолетните сторители на казнени дела. Задачите на Центарот во постапувањето со оваа категорија на малолетници се сведува на две подрачја на делување, кои се заемно поврзни и чинат една целина:

- Откривање, проучување и избор на мерки и третман на малолетниците со асоцијално и антисоцијално поведение, односно воспитно запуштени или сторители на казнени дела;
- Организаторско-координативна дејност во процесот на ресоцијализација.

Навременото откривање, односно детекцијата на малолетниците со асоцијално или престапничко поведение, правниот избор на навременото изрекување и спроведување на воспитните мерки влијаат на ефикасноста на надлежните институции за третман на појавата на малолетничката деликвенција.

Во казнено-правна смисла, во постапката со овие малолетници, Центарот за социјална работа има помала надлежност во однос на судот, но од аспект на неговата улога како орган на старетелство и стручна служба за социјална заштита, тој е рамноправен субјект со судот. Центарот за социјална работа ито така има задачи кои се законски определени, а се состојат во извршувањето на вонинституционалните и следењето на заводските воспитни мерки[44].

[44] Трпевска, Мујоска, Елена- Кратки Казни Затвор, СКопје, 2017.

Во извршувањето на вонинституционалните мерки на ресоцијализација на малолетниците, Центарот изготвува план и програма за третман, спроведува советодавна и советувалишна работа со малолетникот, родителите и други учесници во реализацијата на мерките, ги упатува малолетниците во воспитни установи, врши надзор на извршувањето на задачите на другите учесници во реализацијата не воспитни мерки, го известува судијата за малолетници за резултатите и ефектите од спроведувањето на воспитните мерки и работи на создавање на услови за социјална интеграција на малолетниците.

Водителите на случај се всушност стручни работници во Центрите за социјална работа, професионални помагачи кои им обезбедуваат помош и поддршка на корисниците. Водителот на случај е задолжен за одреден случај, оној работник кои ги одредува и ги користи потребните професионални и други расположливи ресурси од Центарот за социјална работа или други институции и организации од заедницата кои се неопходни за потребите на корисникот, но и за надминување на проблемите на корисникот. Водителите на случаи се стручни работници од Центарот за социјална работа кои можат да бидат од различни профили, како што се: социјални работници, психолози, педагози и правници.

Социјалниот работник е оној кој ги открива, следи и проучува социјалните потреби и проблеми, истражува и анализира врз основа на тоа прави планови и делува кон решавање на проблемите. Тој како матичен профил на социјалната работа е должен да делува во работата од сите аспекти на проблемите кои се во неговиот оддел. Успехот во работата на социјалниот еаботник не зависи само од неговата стручност, важна улога играат неговите лични особини и функционирањето на целиот општествен систем во кој е вклучен.

Социјалниот работник треба добро да ги познава принципите на социјалната работа и правилно да ја извршува својата дејност. Тој е првиот член од тимот кој ги собира првичните податоци за семејството, се запознава со ситуацијата, проблемот кој се појавил, ја констатира фактичката состојба во потесна или поширока целина.

Социјалниот работник, постапувајќи согласно својата работа со децата кои имаат проблем со социјално прилагодување, секогаш соработува и се консултира со семејството на децата, со училиштето, наставниците и сите оснанати лица или институции поврзани со тоа дете, сѐ со цел подетално анализирање на состојбата, но и за полесно решавање на проблемите[45].

Психологот има задача да ги согледа психо-социјалните проблеми на детето, да ги анализира и за изнајде начин за разрешување на проблемите. Основната цел во работата на психологот е објективно да ги согледа психо-социјалните проблеми на детето и да му помогне да ги реши проблемите кои ги има. Психологот се занимава со развој на личноста (интелектуални, емоционални, социјални), општи интелектуални способности и структура на личноста, динамика на личноста, манифестно однесување, интеракција на поединецот со околината.

Педагогот се занимава со воспитување и образование на децата, изградба на сестрана развиена личност, која адекватно ќе може да се адаптира во општеството. Педагозите користат разновидни методи и средства за истражување, педагошки инструменти, невербални и вербални методи.

Правникот е одговорен за системот на правната регулатива и е ангажиран околу правните постапки. Како дел од стручниот тим, правникот има улога да е рамноправен во интердисциплинарните социјални истражувања и дава информации за социјалните права, како и правни совети.

Кога Центарот за социјална работа дознае дека детето извршило кривично дело или прекршок или се нашло во ризик, се заведува во посебен Регистар за примени известувања за деца во ризик и деца во судир со законот. Приемот или евиденцијата на случајот всушност укажува и на приемна процена, односно во оваа фаза се подготвува работата за натамошно постапување, се прави увид за кое лице станува збор, какво постапување се бара, дали лицето веќе било дел од социјалната заштита, се потполнува Тријажен лист за корисникот и се подготвува

[45] Манева, Т. Улогата на Центарот за социјална работа со деца во судир со законот, магистерски труд, Скопје, 2020, стр.47

случајот за премин во наредната фаза. По добивањето на основните лични податоци на детето, следи разговор (интервју) и примена на техники и методи од страна на стручниот тим за да се обезбедат податоци кои се релевантни за утврдување на ризиците, потребите на детето, проценка на мотивите и причините за сторување на прекршокот или кривичното дело. Постапувањата, односно работата и начинот на работа во Центрите за социјална работа, треба да расте и да се менува. Треба да се менува и начинот на работа на стручните тимови во Центрите за социјална работа, со текот на времето адаптирано - соодветно на дадената променета состојба. Секое надоградување на стручните работници во Центрите носи и поголем успех во решавањето на проблемите со кои секојдневно се соочуваат. Стручните соработници треба постојано да посетуваат семинари и обуки, не само заради стекнување на нови знаења, туку и за размена на искуства.

Следниот дел се однесува за податоци за членовите на семејството, поединечно, лични податоци на членовите, сродството со нив, нивниот степен на образование, нивното занимање и работен статус. Потоа следи делот за податоци за органите, организациите, институциите или други стручни работници кои имаат потреба да се вклучат во проценката и постапувањето на Центарот за овој корисник. Следниот дел е делот за опис и проценка на состојбата, функционирањето и потребите на корисникот. Всушност, ова е делот каде што стручните работници ја опишуваат целосната фактичка состојба, задоволувањето на потребите на детето во однос на здравствени и образовни потреби, емоционална состојба и негово однесување, вештини кои ги поседува, активности кои секојдневно ги прави и друго. Најзначајниот дел од процедурата е заклучокот, кој е добиен како збир од горенаведеното. Заклучокот ги содржи сите посебни состојби кои ги има корисникот - детето, исходот од преземените мерки, услуги и права кои ги користел, потенцијалите кои ги поседува личноста, потенцијалните ризици кои можат да се јават и потребата од натамошно постапување. Социјалните работници подготвуваат Наод и мислење, чија содржина е во согласност со сите законски и подзаконски регулативи за постапување на стручните работници при центрите, а содржината се состои од: слика за детето

(неговата личност), неговото семејство, условите во кои живее, односите кои ги има детето со своите родители и семејството, односот на детето со своите врсници, процена на ситуацијата во кој се нашло и се наоѓа, факторите кои влијаеле врз неговото однесување, адаптираноста во училишната средина, успехот и поведението во училиште, адаптираноста во заедницата, дали е свесен за тоа што го сторил, дали чувствува вина и каење и дали е свесен за последиците[46].

Најчесто, судиите ја почитуваат предлог-мерката од страна на стручниот тим од Центарот за социјална работа, сметаат дека тие направиле добра проценка и предложената мерка целосно одговара на потребите на детето. По постапувањето од страна на судот, истиот издава Решение, во кое се изрекува мерка за детето во судир со законот и истото решение го проследува на надлежниот Центар за социјална работа за натамошно постапување - извршување преку надлежниот Центар за социјални работи.

Положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда

Тргнувајќи од општествената природа на малолетничкото престапништво и општествените мерки за негово спречување, институционалниот систем на заштита на малолетниците во прв план ја истакнува општествената заштита и улогата на Центрите за социјална работа во делот на воспитување, социјализација и ресоцијализација[47]. Системското и континуираното следење и проучување на малолетничката деликвенција и другите општествени појави, релевантни за неговиот обем и карактеристики, се неопходен услов за успешно планирање, програмирање и креирање на политики за спречување на појавата на малолетничката деликвенција и подобрување на положбата на децата и младите во системот на малолетничката правда. Основа за добар избор на облиците и мерките за заштита е следењето на положбата на децата и младите во системот на

[46] Ibid, str.58.
[47] Голоб, Ролф Краф, Питер, Патување низ детските права, Council of Europe,2007.

малолетничката правда, а тоа подразбира системски и планиран увид во ефектите за преземање на мерки и промена во социјалните услови и личноста на малолетниците, без оглед на тоа во кои услови и кои облици на воспитни и други мерки на социјална заштита се применуваат. Планирањето и програмирањето на општествените активности за положбата на децата и младите како малолетни престапници поаѓа од добро познавање на етиологијата, феноменологијата и последиците на малолетничката деликвенција[48].

Сите програми на социјалната политика, детската и социјалната заштита, се однесуваат на малолетничката деликвенција, но тоа не е доволно за спречување на овој социјален проблем бидејќи во неговата појава и влијание потребна е посебна општествена акција. Неприфатливо е сфаќањето дека општите програми за социјална политика се доволна основа за спречување на појавата на малолетничката деликвенција. Неопходна е потребата од посебни програми и планови кои поаѓаат од добро познавање на појавата, нејзините карактеристики, обемот и причините во кои прецизно, врз основа на сознанијата на науката и искуствата од пракса, се одредуваат целите, задачите, содржината, методите и мерките. Плановите и програмите за малолетничка деликвенција би требало да се долгорочни и би требало да се вметнат во програмите и плановите на училиштата, младинските центри, здравствените установи, центрите за социјална работа и локалната самоуправа.

Законот за малолетничка правда доследно одговори на барањата за унапредување на положбата на малолетниците во системот на казненото право и усогласување со одредбите и препораките од меѓународните норми и стандарди, за статусот и правата на малолетниците. Сепак, вистинското заживување на Законот во пракса, претставува промени во повеќе професионални институции и стручни профили, пред сè Центрите за социјална работа, каде е неминовно

[48] Камбовски, Казнено право-општ дел.

унапредувањето на просторно-техничките услови, како и обученоста и бројот на стучниот кадар кој работи на оваа проблематика[49].

Темата за правда за децата опфаќа повеќе прашања, вклучително: детска заштита, спречување на криминалот, спроведување на законот, судски постапки, казнување и рехабилитација. Тоа е клучна област од социјалната политика, која се однесува на сѐ поголем број на ранливи деца, кои честопати се маргинализирани од општеството. Начинот на кој се постапува со овие деца во правосудниот систем претставува критичен фактор при определувањето дали тие ќе бидат реинтегрирани во нивните семејства, училишта и заедници.

Искуствата покажуваат дека законот и политиката не се единствениот одговор за да се постигне правда за децата. Моќта и способноста на правдата, поддршката и системите за заштита, како и оние кои работат во тие системи, имаат клучно значење за ефективно и правично спроведување на принципите на правдата[50].

Децата имаат подеднакво право да ги уживаат сите граници во сферата на човековите права, кои им стојат на располагање на возрасните лица. Согласно член 12 од Конвенцијата за правата на детето, секое дете има право на сопствено мислење и право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања кои се однесуваат на детето, со тоа што на неговото мислење се посветува доволно внимание во согласност со возраста и зрелоста на детето. За таа цел, на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано со сите судски и административни постапки, кои се однесуваат на него, било непосредно или преку застапникот или соодветен орган[51].

[49]Арнаудовски, Љупчо, Дракулевски, Груевска, Александра, Пенологија - Прв дел, Скопје,2013.

[50] https://www.unicef.org/northmacedonia/media/2886/file/MK_JusticeChildrenManual_2010_MK.pdf

[51] Сулејманов, Зоран Криминална политика, Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2001.

Во сите постапки во кои децата се директно или индиректно вклучени или трпат влијание од кривично-правниот систем, од особена важност е да се заштити и да се постапува во најдобар интерес на детето. Од таа причина, неопходно е за секое преземено дејствие да се размисли за начинот на кој таквото дејствие ќе влијае врз детето, или пак врз група од деца, сѐ со цел да се обезбеди заштита на нивниот најдобар интерес. Од голема важност се и сите останати општи начела како што се: заштита, правото да се биде сослушан и недискриминацијата. Задоволувањето на најдобрите интереси на децата секогаш треба да биде од најголема важност, а тоа мора да биде на соодветен начин, постигнувајќи соодветна рамнотежа со евентуалните нарушувања на човекови права на некои други деца, група на деца или возрасни лица.

Во сите постапки во кои се вклучени и децата, мора да биде применето и начелото на итност, за да се обезбеди брза реакција и одговор, притоа почитувајќи го владеењето на правото. Постапката со малолетниците треба да се води пред содветната надлежна власт (суд, трибунал, одбор, совет итн), во согласност со начелата за фер и правично судење. Децата треба да поседуваат право да имаат сопствен правен советник и застапување во нивно лично име, а судиите треба да го пичитуваат правото на децата да бидат сослушани во сите ситуации и за прашања кои се однесуваат и влијаат врз нив. Начелото на пропорционалност мора да се почитува. Сите интервенции во однос на младите сторители треба да се засноваат, не само врз проценката на сериозноста на стореното дело, туку и врз личната ситуација во која се наоѓа сторителот[52]. Треба да направат напори на децата да им се обезбеди соодветна помош, како на пример, сместување, образование или стручна обука, вработување или каква било друга корисна и практична помош, со цел да се олесни и помогне процесот на рехабилитација.

Превенција на малолетничка деликвенција

Неминовна е потребата и важноста на политиките за превенција на деликвенцијата. Особено значење се дава на превенцијата на детско

[52] Марјановиќ, Ѓорѓи, Каневчев, методија, Македонско Кривично право-Општ дел, Скопје,2010.

престапништво преку формирање на Државен совет и Општински совети за превенција. Превентивните активности се реализираат со нивно преземање на локално ниво или најблиску во непосредното животно опкружување на децата.

Треба да им се даде конкретна заштита и помош на ранливите групи на деца, како деца мигранти, децата бегалци и баратели на азил, децата без придружба, децата со инвалидност, бездомните и уличните деца, ромските деца и децата сместени во разни установи. Сите превентивни политики, програми или студии за превенција на криминалот треба да избегнуваат криминализирање и казнување на детето за неговото однесување, што не предизвикува сериозна штета врз развојот на детето, ниту им штети на другите.

Програмите за превенција на деликвенцијата треба да се планираат и да се развиваат врз основа на веродостојни, научно-истражувачки наоди и периодично да се мониторираат, да се проценуваат и соодветно да се прилагодуваат, а самите млади треба да бидат активно вклучени во нивната формулација, развивања и имплементација. Исто така, треба да се развијат и служби во заедницата и програми што одговараат на посебните потреби, проблеми, интереси и загриженост на младите лица и кои им нудат соодветно советување. При превенција на престапништвото од страна на деца треба да постои тесна интердисциплинарна соработка меѓу националните, државните и локалните власти, со вклучување на граѓани кои го претставуваат приватниот сектор во заедницата. Најефективното средство за намалување на бројот на деца во судир со законот е превенцијата. Од сите познати интервенции за намалување на малолетничката деликвенција, превентивните интервенции што се фокусираат врз детската деликвенција веројатно ќе го одземат најголемиот „залак“ од криминалот.

Превенцијата може да се толкува на различни начини, кои покриваат три слоја:

- Терцијална превенција - пристапи што се фокусираат врз деца кои веќе биле виктимизирани или криминални;

- Секундарна превенција - пристапи што се фокусираат врз деца во најголем ризик од виктимизација или криминализација;
- Примарна превенција - универзални пристапи што се насочени кон спречување криминал пред да се случи.

Државниот совет е надлежен за донесување на Национална стратегија за превенција на детското престапништво, годишни програми и планови, Деловник за својата работа. Тој дава иницијативи за подобрување на законските решенија од значење за заштита на правата на децата и спречувањето на детското престапништво, покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, заштита на децата од наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето и други фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво.

Согласно Законот, се предвидува основање на Општински совети за превенција на детско престапништво, чии активности и имплементација веќе ги разгледавме. Членовите на општинскиот совет се претставници на подрачните единици на МВР, МТСП, Центрите за социјална работа, претставници на Советот на родители, Унијата на средношколци, Адвокатската комора, здруженија и фондации, јавниот обвинител кој работи во областа на детската деликвенција и судијата за деца од судовите од општа надлежност или судија, кој ќе го определи претседателот на судот. Бројот на членови кои се застапени во општинските совети е утврден зависно од големината, интензитетот и потребите на општината како и обемот на детското престапништво.

Истражување

Методологија на истражување

Предмет на истражување

Од широкото подрачје на феноменот деликвентно однесување на малолетникот, предмет на истражување во овој магистерски труд е испитување на тоа кои се најчести облици на деликвентно однесување кај малолетниците, како малолетниците го доживуваат малолетничкото престапништво, како и испитување на ставовите на малолетниците ученици во средните училишта во општина Велес и разговор со стручни лица од Центарот за социјална работа во Велес за гледање на овој проблем од нивна перспектива, за тоа со кои предизвици се соочуваат и можност за предлагање на нови мерки за превенција од малолетничка деликвенција како социјална појава.

Предмет на овој магистерски труд е проучување на улогата на малолетничката деликвенција како социјална појава, специфичностите кои го прават овој проблем сложен, застапеноста на општеството, улогата на Центарот за социјална работа, улогата на Општинскиот совет за малолетничко престапништво.

Целта на истражувањето е да се добијат квантитативни и квалитативни сознанија за усогласеноста помеѓу апликацијата и теоријата за стандарди и процедури во постапувањето на институциите кои работат со деца кои се во судир со законот. Општата цел на истражувањето е да се утврдат предностите и евентуалните недостатоци од примената на моделот на малолетничката правда, кој е во насока на развивање на специјализиран систем кој во центарот го поставува детето и неговите потреби.

Со цел да се постигнат зададените цели на магистерскиот труд, беше применет квантитативен и квалитативен метод.

Квантитативниот метод се состои од два Анкетни прашалници, спроведени со испитаници од средните училишта, а другиот Анкетен прашалник е спроведен на вработени во Центрите за социјална работа во општина Велес.

Квалитативниот метод се состои од интервју спроведено со еден од членовите на Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво,

инспектор Диме Каракулев, кој детално ги опиша активностите кои ги спроведува Државниот совет и воопшто која е функцијата на самиот Државен и Општински совет.

Специфичните цели на истражувањето се однесуваат на дефинирање на малолетничкиот криминалитет (обем и облици), улогата и активностите кои ги имаат институциите во постапувањето со малолетните лица кои се сторители на прекршоци, преглед на релевантните закони, кривично-правната заштита на малолетниците, системот на санкции спрема малолетнички деликвенти.

Откако ќе се спроведе истражувањето, ќе бидат предложени мерки за превенција против деликвентното однесување на малолетниците, особено меѓу средношколците, за да можеме да влијаеме на сите фактори за успешна социјализација и пружење на помош во случај на појава на малолетничка деликвенција.

Задачи на истражувањето

Конкретната цел на истражувањето е определена со помош на повеќе задачи и тоа:

- Да се утврди кои се најчестите појави на малолетничка деликвенција;
- Да се осознае дали стручните работници од Центрите за социјална работа во својата работа со деца во судир со законот почитува процедури при постапување со деца во судир со законот;
- Да се утврди ставот на самите малолетници како ги доживуваат малолетните деликвенти кои се доминантни во околината;
- Да се утврди ставот на вработените стручни соработници во Центарот за социјална работа, коишто секојдневно се среќаваат со предизвикот малолетничка деликвенција;
- Да се утврдат законските одредби и законската регулатива на Република Северна Македонија, кои упатуваат на постоење на широк систем на

сервиси и услуги за поддршка на деца во судир со законот, но и недостигот од имплементирање на законската регулатива.

Методи, техники и инструменти

Во овој магистерски труд е користен методот на теориска анализа и истражувачкиот метод.

Од техниките за истражување е користено анкетирање и интервју. За да се испитаат ставовите на учениците од средните училишта кон младите со деликвентно однесување, одбрани се техниките на анкетирање, со кои на систематичен и релативно краткотраен и економичен начин се доаѓа до мислење на испитаниците за оваа појава. Од инструментите е користен анкетен прашалник, спроведен за потребите на ова истражување, во кој постојат зададени хипотези и интервју. Во составувањето на анкетниот прашалник е обрнато внимание прашањата да бидат кратки, јасни и недвосмислени, односно да бидат прецизно формулирани, а притоа да не им биде одземено многу време на испитаниците.

Во магистерскиот труд се презентираат сознанија добиени врз основа на теоретско истражување, во кое се применува дедуктивен пристап и квалитативна анализа. Од методолошка гледна точка, истражувањето е насочено кон проценка на општественото влијание, што воедно претставува и основен метод на истражување.

Користена литература

Теоретскиот дел во магистерскиот дел е исцрпен од соодветна, научна и стручна литература која се заснова на правни и политички документи, извештаи од тела кои се занимаваат со малолетничка деликвенција, Закони, интернет-портали. При изработка на овој магистерски труд консултирана е соодветна литература од областа на малолетничката деликвенција со цел соодветно дефинирање на клучните елементи на оваа појава. Направена е анализа на домашна и меѓународна регулатива со цел утврдување на нормативната и институционална рамка која се однесува на малолетничката деликвенција.

Во рамките на истражувањето кое го спроведовме по пат на онлајн анкетен прашалник, ги испитавме ставовите и мислењата на учениците и стручните работници во Велес за проблемот со малолетничката деликвенција и превенцијата за неа. Со примената на овој анкетен прашалник, се испита малолетничката деликвенција, од гледна точка на малолетници и дојдовме до податок дали малолетниците можат да препознаат малолетнички деликвент. Ито така, со анкетниот прашалник наменет за стручните работници од Центарот за социјална работа, се добија податоци за автентичните гледања на стручните лица кои секојдневно се соочуваат со малолетнички деликвенти. Интервјуто кое беше спроведено со член на Државниот совет, е од особено значење бидејќи дава еден поинаков осврт на малолетничката деликенција.

Со ова истражување се стекнавме со јасна слика за малолетничката деликвенција од агол на тројца различни претставници, кои на каков било начин се инволвирани во средината на малолетничкото престапништво.

Анализа на резултатите од истражувањето

Анализа на интевју

За потребите на ова истражување остваривме средба со еден од членовите на Државниот совет за превенција на детско престапништво, кој ни даде исцрпни

одговори на прашањата кои се однесуваат на малолетничкото престапништво во нашата држава.

На прашањето какво е неговото гледиште за детското престапништво во Република Северна Македонија, тој зема предвид два концепта. Според него, кога ја гледаме состојбата на децата кои влегуваат во контакт со законот како жртви, сведоци или сторители, мора да се земат предвид овие два концепта. Првиот е да се заштитат децата од секундарна виктимизација во текот на законската постапка, бидејќи тие веќе се трауматизирани, и вториот аспект на кој работа е да се спречи циклусот на криминално живеење кај децата кои се во судир со законот.

На прашањето како гледа на системот за правда во земјата, го добивме следниот одговор, дека особено важно е системот на правда во земјата да се усогласи со меѓународните и ЕУ стадардите за правда за децата и најдобриот интерес на децата да биде заштита во секоја фаза од постапката. Секоја година околу 1000 деца се во контакт со правосудниот систем, како осомничени сторители, сведоци и жртви на насилство и криминал.

На прашањето која е функцијата на Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво, добивме детален одговор, кој се состои од:

Државниот совет има надлежност да донесува Национална стратегија за превенција на малолетничкото престапништво, да дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштита на правата на малолетниците и спречување на малолетничкото престапништво, да соработува со меѓународни тела и организации. Советот остварува соработка со државните органи, невладини институции и други организации за заштита на малолетниците од улица, наркоманија, питачење или други недозволени дејства. Значи Советот е столб на тоа што во иднина треба да значи превенција и заштита од малолетничка деликвенција. Државниот совет се залага за создавање на правна, институционална основа за превенција на деликвенцијата и другите социјално

патолошки појави и за создавање на гаранција дека младата генерација ќе биде заштитена од злата што ја погодуваат.

На прашањето кои се активностите кои ги имаат спроведено за превенција од детско престапништво, беа набројани голем број на активности, а меѓу најистакнатите се:

- Во пресрет на матурските вечери, одржување на едукативна средба со матурантите, на кои им беше укажано како да се однесуваат за да имаат безбедни матурски вечери, со укажување дека и во овие денови и весели моменти неопходно е да се почитуваат сите законски прописи заради личната безбедност и безбедноста на другите.
- Одржување на едукативна работилница во средно училиште на тема: „Спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревари“. Во овој контекст, прикажано е дека нема лоши ученици, само треба добар пристап, доверба и многу работа со нив.
- Реализација на работилница на тема: „Безбедно на интернет и заштита од можни злоупотреби“. Целта на работилницата е да истакне како да се заштитиме кога сме на интернет и социјалните мрежи, безбеден пасфорд, кој не е добро да се прикачува на социјалните мрежи. Контролата и надзорот на родителите игра многу голема улога во безбедносното користење на интернетот од страна на учениците. Во овој контекст, се отвори дискусија околу актуелна тема за случајот „Јавна соба“, за која членот на Државниот совет јасно кажа дека се потребни многу трибини, едукации, работилници, разговори со младите на оваа тема.
- Одржување на трибина на тема: „Превенција од алкохолизам кај малолетниците“.
- Превентивна кампања против употребата на петардите. Давање на новогодишни честитки со содржина против употреба на петарди и можни последици од нив. Исто така, делење едукативни флаери со законските одредби за тие кои на јавно место пукаат со петарди или други пиротехнички средства.

На прашањето како да ги заштитеме децата, го добивме следниот одговор: „Државата е одговорна да создаде услови, да креира програми, да овозможи примена на законите, да повикува на одговорност на сите кои не ги почитуваат законите, да повикува на одговорност на сите кои не ги почитуваат законите во системот на правда за децата. Државата е должна децата да ги рангира на највисокото скалило, да нуди алтернативи за дацата, да креира мултисекторски тимови, да ги јакне капацитетите на сите институции, на Општинските центри за превенција на детското престапништво и да се создадат материјални и кадровски предуслови за нивно функционирање и инвестирање во превентивни програми“.

За него клучен фактор во предизвикот со малолетничкото престапништво е раното идентификување и пружење на соодветна помош и поддршка на децата во ризик од страна на надлежните институции.

Анализа на резултатите од анкетата наменета за вработените во Центарот за социјални работи

Анкетниот прашалник за стручните соработници во Центарот за социјални работи во Велес, кој се состои од педагози, психолози, социјални работници, се состоеше од 13 прашања од затворен тип. Во овој дел од магистерскиот труд ќе ги елаборираме добиените одговори на одделните прашања од прашалникот, сѐ со цел да се исполнат зададените задачи. На овој онлајн анкетен прашалник одговорија вкупно 8 стручни лица, од кои 6 беа женски лица, а 2 беа машки лица. Во однос на профилот на работното место кое го имаат испитаниците на овој онлајн прашалник, најзастапени се социјалните работници и психолозите, а од долунаведениот графикон гледаме дека педагог и правник не го одговориле прашалиникот.



Графикон бр.1: Профил на работно место

Следното прашање на анкетниот прашалник се однесува на работното искуство кое го имаат испитаниците, односно вработените во Центарот за социјални работи. Резултатите покажуваат дека 37,5 % имаа од 11 до 20 години работно искуство, 25 % имаат од 6 до 10 години работно искуство, а исто така 37,5 % имаат помало работно искуство од 6 години.



Графикон бр.2: Работно искуство на испитаниците

Она што е загрижувачко и остава впечаток во истражувањето е податокот дека сите испитаници од Центарот за вработување во последните 12 месеци не присуствувале на обука за малолетничка деликвенција. Ова е еден лоциран проблем, на кој апсолутно треба да се поработи со цел да се намали степенот на малолетничка деликвенција. Меѓутоа, она што е охрабрувачки се одговорите на следното прашање, кое гласи: „Дали Центарот за социјална работа во кој сте вработени, во последните 12 месеци има организирано обука за малолетничка деликвенција?“. Резултатите од одговорите се следни дека 62,5 % од испитаниците одговорија дека немаат организирано обука за малолетничка деликвенција, 12,5 % одговорија дека организирале, што е малку контрадикторно со претходното прашање и 25 % од испитаниците одговорија дека во подготовка е обука за малолетничка деликвенција.




Графикон бр.3: Дали испитаниците присуствувале на обука во последните 12 месеци




Графикон бр.4: Дали Центарот за социјална работа има организирано обука во последните 12 месеци

Загрижувачки е фактот дека 37,5 % од вработените во Центарот за социјална работа не знаат дали во Центарот има Програма за едукација за превенција од различни облици на малолетничка деликвенција, 50 % од нив одговорија дека имаат Програма за малолетничка деликвенција, 12,5 % одговорија дека немаат Програма за превенција од малолетничка деликванција. Резултатите се прикажани во следниот графикон.



Графикон бр.5: Дали во Центарот има Програма за едукација за превенција од различни облици на малолетничка деликвенција


На прашањето дали ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи успешно се справува со превенцијата на малолетничката деликвенција, 75 % од испитаниците (вработените) се изјасниј дека успешно се справуваат, но можат да се покажат уште поголеми резултати, 12,5 % се изјасниј дека мошне успешно се справуваат, а исто толку 12,5 % се изјасниј дека Центарот не е во состојба да делува превентивно, туку постапува по иницирани пријави за прекршочни или кривични постапки. Ниту еден од испитаниците не се изјасни дека Центарот неуспешно се справува со превенција од малолетничка деликвенција.



Графикон бр.6: Дали Меѓуопштинскиот центар за социјални работи успешно се справува со превенцијата на малолетничката деликвенција


Резултатите од прашањето дали сметаат дека треба да се изменат некои работи во работењето на Центарот за социјални работи, со што би се подобрила превенцијата на малолетничка деликвенција, покажуваат дека 100% од испитаниците сметаат дека треба да се изменат работите за оваа проблематика, со што е видлив фактор дека неопходни се крупни чекори за да се справиме со малолетничката деликвенција.

На прашањето дали сметаат дека во нашата општина е премногу застапена малолетниката деликвенција, 75 % се изјаснија дека е премногу застапена, 12,5 % сметаат дека не е премногу застапена, а 12,5 % прашањето го одговорија со „не знам“.



Графикон бр.7: Во колкава мера е застапена малолетничката деликвенција во општината

Следното прашање на онлајн анкетата е дали во последните 12 месеци има зголемување или намалување на малолетничката деликвенција. Па така, 62 % од испитаниците одговорија дека има зголемување на малолетничкото престапништво, 25 % одговорија дека има намалување на истото, а 12,5 % се изјасниј дека нема промени.



Графикон бр.8: Дали во последните12 месеци има зголемување или намалување на малолетничката деликвенција

Последното прашање е кој е најдобриот начин, според испитаниците, за превенција од малолетничка деликвенција, а на ова прашање се добија следниве одговори:

1. Санкциите како решенија за справување со малолетничката деликвенција;

2. Будење на свеста кај малолетниците со различен вид на обуки во соработка со МВР;

3. Специјализиран тим во училиштата да работи со малолетниците;

4. Јакнење на семејството и почитување на законите, а и одредени ограничувања за децата до одреден временски период, на пример 23 часот, а секое задржување до подоцна да биде исклучиво со родител;

5. Работа со родителите, па соодветна работа со децата, домашно воспитување;

6. Поголема вклученост на учиишттата во превенција;

7. Семејните вредности.

Гледаме дека поголемиот дел од испитаниците најдобриот начин за справување со малолетничката деликвенција ја гледаат во семејните вредности, правилното воспитување од страна на родителите и јакнење на семејството.

Според спроведеното истражување, можеме да заклучиме дека:

- Стручните соработници во Центарот за социјална работа се свесни за високиот степен на малолетничка деликвенција, кој е присутен во локалната заедница и имаат потреба од дополнителни обуки и програми за работа за справување со малолетничкото престапништво.
- Институцијата Центар за социјална работа до сега успешно се справувала со малолетничкото престапништво, но и самите вработени веруваат дека неопходни се промени, зголемување на капацитетите на институциите и

нивна меѓусебна соработка, при што ќе се зголеми хуманизирањето на општествениот однос кон децата деликвенти и се зголемува ефикасноста во справување со детското престапништво.

- Вредносното ориентирање на децата кон смејните вредности, домашното воспитување е најмноќното оружје против малолетничката деликвенција.


Анализа на резултатиот од анкетниот прашалник за малолетници

Во периодот од април до мај 2021 година, спроведена е онлајн анкета со малолетници средношколци, со цел да се добијат информации кои ќе помогнат во разјаснување на причините за појава на деликвентно однесување кај малолетниците, како и за начините за успешно превенирање и справување со малолетничката деликвенција. Анкетниот прашалник за малолетници се состоеше од 18 прашања од затворен тип. Во овој дел од магистерскиот труд ќе ги елаборираме добиените одговори на одделните прашања.

Анкетниот прашалник, кој е наменет за малолетници, се состоеше од 18 прашања. Анкетата беше спроведена на 74 малолетници, ученици во основното училиште „Блаже Конески“ во Велес и од средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес. Исто така, анкетниот прашалник беше испратен и во некои заеднички групи со цел да имаме разни возрасни испитаници, кои ќе можат со своите одговори да придонесат во резултатите на ова истражување. Во овој дел од трудот ќе ги елаборираме добиените резултати од онлајн анкетниот прашалник.

Анкетниот прашалник го одговориле лица од разни возрасни групи и тоа: 66.2 % (49 испитаника) се лица на 13 години и помалку, 27 % (20 испитаника) се лица од 14 до 18 години, 2,7 % (2 испитаника) се лица од 12 до 23-годишна возраст и 4,1 % (3 испитаника) се лица од 24 до 29 години. Од испитаниците, 39 се жени, а 35 се мажи, што значи дека има родова еднаквост во бројот на одговорите.

Според добиените одговори од анкетниот прашалник, 57 испитаника или 77 % се ученици во основно училиште, 12 испитаника или 16,2 % се средношколци и 5 или 6,8 % се студенти.




Графикон бр.9: Образование на испитаниците

На прашањето: „Дали твоите врсници те сметаат за кул ако: пушиш цигари, пиеш алкохол, користиш наркотични средства, носиш оружје со тебе, ги решаваш проблемите со тепачка, ниту еден од наведените одговори и сите понудени одговори?“, 87,8 % или 65 испитаника одговорија дека ниту еден од понудените одговори не го прават ученикот „кул“, 2,7 % или 2 испитаника ги одбрале сите наведени одговори, што значи дека го делат мислењето дека нивните врсници ги сметаат за „кул“ ако ги прават горенаведените работи, 4,1 % или 3 испитаници одговорија дека ги сметаат за „кул“ ако пијат алкохол и 5,4 % или 4 испитаника одговорија дека ги сметаат за „кул“ ако проблемите ги решаваат со тепачка.


Мора строго да се забрани внесување на вакви предмети во училиштата и да следуваат казни за оние ученици кои ќе пробаат да внесат. Имаме случаи каде што учениците внесуваат цигари и алкохол и го користат нивниот престој во училиштето за ова. Тоа влијае штетно и кај учениците кои ги внесуваат работите и

кај оние кои ги консумираат истите бидејќи го нарушуваат угледот на училиштето и создаваат негативни навики кај учениците.




Графикон бр.10: Што го прави „кул“ испитаникот

На прашањето колкумина од нивните најблиски другари украле нешто во последните 12 месеци, 87,8 % или 67 испитаника одговорија дека немаат украдено ништо, 6,8 % или 5 испитаника одговорија дека 1 од нивните најблиски другари украл нешто, 2,7 % или 2 испитаника одговорија дека двајца нивни најблиски другари украле нешто, 1,4 % или 1 испитаник одговори дека 3 негови блиски другари украле нешто и 1,4 % или 1 испитаник одговорил дека 4 негови најблиски другари украле нешто во последните 12 месеци.



Графикон бр.11: Колкумина од најблиските другари украле нешто во последните 12 месеци


На прашањето колкумина од нивните другари се степале со некого во последните 12 месеци, резулатите покажуваат дека 77 % или 57 испитаника одговорија дека се степале со 1 лице, што покажува голем процент, 16,2 % или 12 испитаника одговорија дека се степале со 2 другари, 4,1 % или 3 испитаника одговорија дека се степале со 3 врсници, 4,1% или 3 одговорија дека се степале со 4 врсници во последните 12 месеци.



Графикон бр.12: Колкумина од другарите се степале со некого во последните 12 месеци

Овие резултати се висок процент, кој укажува на тоа дека тепачките во основните и средните училишта сѐ уште се во тренд.


Добиените одговори на следното прашање, кое се однесува на тоа колкумина од нив биле малтретирани од врсниците, се: 83,3 % или 62 испитаника не биле малтретирани, 5,4 % или 4 испитаника одговориле дека еден од нивните врсници бил жртва на малтретирање од врсниците. 6,8 % или 5 испитаника одговориле дека двајца од нивните врсници биле малтретирани, а 4,1 % или тројца испитаници одговориле дека четворица од нивните врсници биле жртви на малтретирање. Резултатите од ова прашање се прикажани на следниов графикон.



Графикон бр.13: Колкумина биле малтретирани од врсниците

На прашањето колкумина од нивните врсници биле онлајн малтретирани, се добиени следните резултати: 86,5 %, односно 64 испитаника одговориле дека ниту еден од нивните врсници не биле онлајн малтретирани, 6,8% или 5 испитаника одговориле дека 1 од нивните врсници бил онлајн малтретиран, 2,7 % или 2 испитаника одговориле дека двајца од нивните врсници биле онлајн малтретирани, 2,7 % (2 испитаника) одговорија дека тројца од нивните врсници


биле жрвти на онлајн насилство, а 1,4 % или 1 испитаник одговорил дека четворица биле онлајн малтретирани.



Графикон бр.14: Колкумина од врсниците биле онлајн малтретирани

Директниот булинг или оној преку социјалните медиуми помеѓу младите доведува до депресија, агресија, омаловажување, психичко и физичко насилство и одбивност кон училиштето. Лицата кои се изложени на булинг живеат во страв поради кој ги запоставуваат своите лични и професионални амбиции.


Следното прашање на кое беа анкетирани испитаниците е: „Дали во вашето училиште постои достапен куќен ред со кој се пропишани правилата за однесување во училиштето?“. Резултатите покажуваат дека 60,8 % или 45 испитаници одговориле дека постои и во целост се информирани околу него, 9,5 %, односно 7 испитаници одговориле дека постои, но истиот треба да се надополни, што значи дека дел од испитаниците не се задоволни со постоечкиот куќен ред. 12,2 %, односно 9 испитаника одговориле дека знаат дека постои куќен ред во училиштето, но не обрнале внимание, 4,1 % или 3 испитаника одговориле дека не постои куќен ред, а 13,5 %, односно 10 испитаници не знаат дали постои.



Графикон бр.15: Дали во училиштето постои достапен куќен ред со кој се пропишани правилата на нивното однесување во училиштето

Многу е важно во училиштето да има куќен ред, којшто ќе им биде достапен на учениците и вработените и истите ќе се придржуваат до него. Со куќниот ред се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во училиштето.


На прашањето дали во училиштето можат да се внесат цигари, алкохол и дрога, 81,1 % или 60 испитаници одговорија дека не можат да се внесат, 9,5 % или 7 испитаници одговорија дека ретко се внесуваат, 6,8 % (5 испитаници) често внесуваат, а 2,7 %, односно 2 испитаници одговорија дека секогаш се внесуваат. Исто така, загрижувачки се резултатите на следното прашање, кое се однесува на тоа колку консумирањето на алкохол, дрога и цигари претставува проблем во нивното училиште. Тука, 63,5 %, односно 47 испитаници сметаат дека претставува многу сериозен проблем, 17,6 % (13 испитаници) сметаат дека често претставува проблем, а 18,9 % или 14 испитаници ова не го гледаат како проблем. Резултатите покажуваат дека бројот на загрижени испитаници поради консумирањето на дрога, алкохол и цигари е значително поголем во однос на оние кои не гледаат проблем во тоа.



Графикон бр.16: Дали во училиштето можат да се внесат цигари, алкохол и дрога

Дали наставниците и стручните служби соодветно ги третираат децата кои создаваат конфликтни ситуации е друго прашање од анкетниот прашалник, а резултатите од одговорите се следни: 60,8 % (45 испитаници) одговориле дека секогаш соодветно ги третираат, 27 % (20 испитаници) одговориле дека наставниците и стручните служби селективно постапуваат со овие деца, а 12,2 % (9 испитаници) одговориле дека не постапуваат соодветно.

Наставниците и стручните служби се клучна алка во училиштето, особено кај децата кои се конфликтни и агресивни. Улогата на наставниците е да го изнајдат соодветниот начин за да ги заинтересираат учениците активно да ја следат наставата, да имаат интерес за наставната единица, а за време на одморите да постапуваат соодветно.




Графикон бр.17: Дали наставниците и стручните служби соодветно ги третираат децата кои создаваат конфликтни ситуации

Добиените одговори на следното прашање, кое се однесува на тоа дали испитаниците се чувствуваат безбедно во училиштето, се следни: 91,9 %, односно 68 испитаници одговориле дека се чувствуваат безбедно, 2,7 %, односно 2 испитаника одговориле дека не се чувствуваат безбедно, а 5,4 %, односно 4 испитаници прашањето го одговориле со „не знам“. Резултатите покажуваат дека најголемиот дел од испитаниците се чувствуваат безбедно во училиштето. И покрај тоа што процентот на испитаници кои не се чувствуваат безбедно во училиштето е мал, сепак тој процент не треба да постои бидејќи училиштата се местото каде што учениците го поминуваат поголемиот дел од своето време. Училиштата мора да се безбедни зони, каде што учениците ќе се чувствуваат безбедно и заштитено. Безбедноста на децата во училиштето е предуслов за добро функционирање на училиштето и секако за подобро прифаќање на истото од страна на учениците.


Добиените одговори од следното прашање: „Дали мислите дека е законски можно малолетник да заврши во затвор?“, се сумирани во следниот графикон. 39,2 % или 29 испитаници одговорија дека мислат дека е законски, 31,1 % или 23

испитаници одговорија дека не е законски малолетник да заврши во затвор, а 29,7 % или 22 лица не знаат дали е законски.



Графикон бр.18: Дали е законски можно малолетник да заврши во затвор

Добиените одговори од прашањето дали лично познаваат малолетничк деликвент, се сумирани во графиконот подолу.



Графикон бр.19: Дали испитаниците лично познаваат малолетнич деликвент

Резултатите покажуваат дека 23 % од испитаниците лично познаваат малолетнички деликвент, а поголемиот дел од испитаниците, или 58,1 % не познаваат лично, додека 18,9 % не знаат дали познаваат, најверојатно не се сигурни дека се работи за малолетнички престапник.

Кога испитаниците ги прашавме да го опишат однесувањето на малолетничките деликвенции, одговорите кои ги добивме се следни:

- Безобразно однесување и некултурно кон другите.
- Дете кое е наклонето кон тепачки, конфликтно однесување, пуши цигари и друго.
- Дрско однесување.
- Лице кое само се бутка.
- Невоспитано лице кое постојано се тепа со децата, пцуе и има направено голем број на штети.
- Некултурно лице кое консумира работи кои не треба да се консумираат на негова возраст и е насилнички настроен.
- Лице кое многу грубо се однесува.
- Лице со дрско, непристојно однесување и агресивен.
- Лице кое се однесува нервозно и напнато.
- Опасно лице.
- Лице со девијантно однесување поради проблеми во семејството, најчесто разведени родители или уживатели на наркотични средства и поголема количина на алкохол.

Резултатите покажуваат дека секој испитаник има различна перцепција за тоа како се однесува малолетниот деликвент.

Заклучок

Од горенаведеното можеме да заклучиме дека девијантното однесување кај малолетните лица е мошне застапено, без разлика на тоа колку секојдневно државата и институциите вложуваат и се трудат да ја намалат тенденцијата на пораст на истото. Девијантното однесување од ден на ден преминува во криминално, односно истите деца започнуваат да извршуваат криминални дела, како кражби, разбојништва, нарушувања на јавниот ред и мир, со што директно влегуваат во судир со законот и државата.

Како што веќе елабориравме, малолетничката деликвенција претставува негативна појава условена од сложен сплет на околности кои произлегуваат од економските, социо-културните, воспитно-образовните, социјалните, здравствените и други аспекти на општествениот живот, како на макро, така и на микросоциолошко ниво, кои негативно се одразуваат врз животот и развојот на младата личност.

Семејството со своето влијание врз позитивниот развој и формирањето на младите членови претставува значајна потпора во превенцијата на малолетничката деликвенција. Несомнено е дека во семејството каде постојат блиски меѓусебни односи, кои се засноваат на разбирање, љубов, соработка и солидарност, на најубав начин се остварува заштита на детето од деликвентно однесување.

Општествениот ангажман е посебно значаен кога се во прашање семејства кои се дисфункционални поради ментални, физички или психички оштетувања на нивните членови.

Правенцијата на малолетничката деликванција треба да се остварува преку создавање и развивање на правните, социјалните, културните, воспитно-образовните, економските и другите фактори кои придонесуваат за правилен

развој на младата популација. Создавање на демократско општество, правна држава, институции кои се способни да ги извршуваат своите функции со соодветни Програми, претставува најширока рамка и темел за развивање на мерките за превенција на малолетничкото престапништво. Проблемите со малолетничката деликвенција се решаваат со координација помеѓу институциите и локалните институции, како училиштата, полицијата, здравствените и социјалните центри. Треба да се размислува дека поведенијата кои ги имаат малолетничките деликвенти не треба да се решаваат само преку малолетничкото судство, туку да се преземат поголеми напори за да се формираат и други тела кои ќе помогнат во спроведувањето на превентивните механизми. Училиштата и семејствата имаат енормно значење во превенцијата и заштитата на децата и младите од кривично и антисоцијално однесување. Заради тоа, неопходно е нашата образовна структура да се реформира во насока која ќе стимулира и активно ќе придонесува за големи достигнувања на учениците, ќе им помогне на децата да се интегрираат и да се чувствуваат како вреден дел од здравата социјална заедница. Врз основа на истражувањето кое го спроведовме, се испостави хипотезата дека Центрите за социјална работа имаат големо влијание врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда. Никако не смее да се занемари значајната улога која ја има Центарот за социјална работа и сложената задача во комплексната заштита на малолетните сторители на казнени дела, преку детектирање, проучување, избор на мерки и третмани на малолетниците до организаторско-координативната дејност во процесот на ресоцијализација.

Надлежностите на Центарот за социјална работа, како и неговата улога, се строго дефинирани со законите на секоја држава и го пропишува начинот на неговото делување. Република Северна Македонија располага со широк спектар на законски регулативи кои прецизно ги опишуваат начините на кои треба да се постапува со децата во ризик кои се во судир со законот, но сепак потребно е уште поголема вклученост на Центрите во имплементација на законот и соработка помеѓу институциите.

Потребно е да зајакнат врските помеѓу младите деликвенти и општеството, вклучувајќи ги младите во општетвениот живот, давајќи им чувство дека општеството не ги заборавило нив и дека тие му се потебни, да ги прифати како млади со сопствени желби и потреби. Општеството треба да работи на отфрлање на воочените тешкотии и недостатоци во процесот на социјализација на младите и да има повеќе слух за хуманост и еднаквост.

Живееме во општество каде во висок степен е застапена малолетничката деликвенција. За да се создаде превенција на истата, потребно е централните и локалните власти преку свои механизми да изградат позитивен општествен амбиент во кој ќе доминираат, ќе се промовираат и соодветно вреднуваат позитивните вредности и модели на однесување и во исто време соодветно и принципиелно ќе се санкционираат однесувања кои не се во согласност со моралните и правни норми на општеството. Потребно е да се организираат активности за подигнување на јавната свест и степенот на информираност на граѓаните за примена на здрави животни стилови. Граѓаните задолжително треба преку кампањи да се информираат за негативното влијание од насилството, сексуалната злоупотреба, педофилија, малолетничка деликвенција.

Исто така, медиумите треба да имаат свој придонес во превенцијата на детското престапништво, со тоа што ќе има соодветно медиумско известување и избегнување на директно или индиректно промовирање на несоодветни модели на однесување кај младите.

Општеството е потребно да обезбеди соодветна помош и поддршка на семејството со цел да може да изврши позитивно влијание врз децата и да создаде услови за нивен нормален развој. Неопходно е да функционираат советувалишта и друг вид на помош за успешна превенција и справување со социјалните ризици.

Да се воспостават функционални и квалитетни програми кои во еден дел ќе се реализираат во рамки на училиштата, додека дел во заедницата. Овие програми треба да понудат широк спектар на активности, со цел секој малолетник да може да пронајде активности кои се во согласност со неговите желби, интереси и

потенцијали. Во ова вмрежување неопходно е да земат учество: училиштата, локалната самоуправа, грѓанското општество, вклучително и спортските клубови и културно-уметничките организации.

Користена литература

1. Арнаудовски Љупчо, Општ Пристап кон спречување, сузбивање и превенција на малолетничката деликвенција, Скопје, Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје
2. Арнаудовски Љупчо, Груевска, Дракулевски, Александра, Закон за извршување на санкциите, интегрален текст сп предговор кратки објаснувања и регистар на поимите, со прилози, Стадиориум центар за регионални истражувања и соработка, Скопје, 2011.
3. Валтер Михаел, Малолетничка деликвенција - систематски преглед, Скопје, 2011.
4. Бужаровска Гордана, Малолетничка правда - од ретрибутивност кон реститутивност, македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје, 2006.
5. Вилијам Е. Томпсон, Џек Е. Бинам, Малолетничка деликвенција, 2010. Скопје
6. Димитријоска Сунчица, Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела, Скопје: Филозофски факултет, 2009

7. Бошкович Мило, Криминологија, Нови Сад, 2006.
8. Груевска-Дракулевски, Александра, Мисоски, Бобан, Димоски, Илиќ, Дивна, Медиумите и криминалитетот и деликвенцијата, Правен факултет, Скопје, 2016.
9. Младенович-Купчевич, Криминологија, Сараево, 2001
10. Ибиш Ебру, Криминолошки и казнено правни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија, докторски труд, Скопје, 2002.
11. Киткањ Зоран, Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит, докторска десертација, Скопје, 2009.
12. Кицев, Марјан, Превенција и репресија на казнените дела против јавниот ред и мир, Кавадарци, 2017.
13. Кнежевич Стефан, Малолетничко кривично право - материјално, процесно и извршно, Ниш, Правен факултет, 2010
14. Штерјов Лидија, Влијанието на воспитната мерка - засилен надзор од страна на Центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, магистерски труд, Штип, 2013.
15. Лежетиќ Гордана, Петровска Невенка, Нанев Лазар, Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет, Штип, 2020.
16. Лажетиќ Гордана, Лазар Нанев, Алатка за безбедност и заштита на децата о насилство во дигиталниот свет, Скопје, 2020.
17. Ivan Jankovic, Vesna Pesic, Drustvene devijacije: kritika socijalne patalogije, Beograd, 1988.

18. Виолета Чачева, Феноменолошки карактеристики на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија - Институт за социолошки и политичко правно истражување, Скопје
19. Димитријоска, Сунчица, Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје, 2012.
20. Димитријоска Сунчица, Деца и млади во ризик- мерки на помош и заштита, УНИЦЕФ, Скопје, 2008
21. Камбовски, В. Казнено право, општ дел, второ издание, Култура, Скопје 2005
22. Кикањ, Зоран, Престапничко однесување кај малолетните сторители, со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит, докторска дисертација, Скопје, 2009.
23. Кикањ Зоран, Криминалитет кај маолетните лица со интелектуален дефици, Joirnal od special education and rehabilitation, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2009
24. Кнежевиќ, С. Малолетнико кривично право - материјално, процесно и извршно, Правен факултет, Ниш, 2010
25. Митев, Гаровска Маја, Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза, УНИЦЕФ, Скопје, 2009
26. Маричиќ, Момир, Казнена политика, Македонска ревизија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје, 2005

27. Предизвиците и перспективите на учителската професија, Зборник, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2016
28. Смилевски Бобан, Превенција на малолетничката деликвенција во Република Македонија, магистерски труд, Охрид, 2018
29. Стеван Алексоски, Криминологија, Штип, 2009
30. Годишен извештај за работата на Државниот Совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година, Скопје, 2019
31. Годишен извештај за работата на државниот совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година, Државен Совет за превенција на детското престапништво, Скопје, 2020.
32. Бужаровска Гордана, Нанев Лазар, Кошевалиска Олга, Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда, Скопје, 2012
33. Лилјана Баткоска, Криминалистичка психологија, Охрид, 2013
34. Жарко Јашовиќ, Малолетничка деликвенција, Скопје, 1988
35. Жарко Јашовиќ, Криминологија малолетничког преступништва, Белград, 1978
36. Регионална канцеларија на УНИЦЕФ за Централна и Источна Европа - Заедница на независни држави, Оценка на постигнувањата во реформите во сферата на малолетничка правда, УНИЦЕФ, 2010
37. Стеван Алексоски, Криминологија, Штип, 2009
38. Нада-Поп Јорданова, Медицинска псохологија, Скопје, 2003

39. Тодор Кралев, Криминологија, Преглед на основните поими, Скопје, 2004.
40. Трпевска, Мујоска, Елена, Кратки Казни Затвор, Винсент графика, Скопје, 2017
41. Министерство за образование и наука, Образовение базирано на правата на детето (УН Конвенција за правата на детето)
42. Лазар Нанев, Положбата на малолетникот во кривичната постапка: СППМД, Кавадаци, 2003
43. Луќетиќ Д, Влијанието на семејството врз појвата на малолетничката деликвенција, Научна книга, Белград, 1999
44. Камбовски Владо, Велковска Татјана, Малолетничка правда, Штип, 2008
45. Конеска Катерина, Зенговска Јана, Трајковска Даниела, Извештај за состојбата на правата на децата во Македонија, Прва детска амбасада во светот, Меѓаши, Скопје, 2011
46. Климовски, Саво, Дескоска Рената, Каракамишева Тања, Уставно право и политички систем, Просветно дело, 2012, Скопје
47. Декларација на правата на детето (Женевска декларација од 1924), Geneva declaration od the Rights od the Child, Adopted 26 September,1924.
48. Конвенција за правата на детето (Convention on the Rights of the Child), Службен лист на СФРЈ бр. 15/90, Службен весник на РМ, 1993
49. Упатства на Обединетите Нации за спречување на малолетничка деликвенција (Ријадски упатства), United nations Guidelines for the Prevention od Juvenile Deliquence, 1990.

50. Зборник на трудови, Правата на детето и малолетничка правда, Здружение за заштита направата на детето, Центар за детска правда, Скопје. 2002.

Закони:

1. Закон за малолетничка правда „Службен весник на РМ“, бр.87/07,103/08,161/08
2. Закон за извршување на санкциите „Службен весник на Република Македонија“, 2/06 и 57/10.
3. Закон за правда на децата „Службен весник на РСМ“, бр.275/19
4. Закон за заштита на децата „Службен весник на РСМ“, 150/15,член 19
5. Закон за одбрана „Службен весник на РСМ“, број 215/15
6. Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија 79/09, 36/11 и 51/11)
7. Програма за развој на заштита на децата, 2009, Влада на Република Македонија, Скопје.
8. УНИЦЕФ, Оценка на постигнувањата во реформите во сфератана малолетничката правда,2010.

Интернет-извори:

https://www.unicef.org/press-releases/children-increased-risk-harm-online-during-global-covid-19-pandemic
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilnicidetska/2020/29.6-%D0%94%D0%97.pdf

http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf

http://www.mtsp.gov.mk/

https://www.stopbullying.gov/resources/facts

http://www.stat.gov.mk/

http://www.preventionaction.org/